# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

кратоко документ

јули-септември 2023

Институт за европска политика. Скопје

Овој проект е финансиран од Европската унија

# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

Квартален извештај јули-септември 2023

Издавач:
Институт за европска политика - Скопје

За издавачот:
д-р Симонида Кацарска

Уреднички:
д-р Симонида Кацарска
д-р Ардита Абази Имери

Автори:
Ардита Абази Имери
Ангела Делевска
Беба Жагар
Јулијана Караи

Превод од англиски на македонски јазик:
Ана Попова Манасиевска

Лектор:
Дејан Василевски

Графички дизајн:
Релатив

Скопје, 2023

Овој извештај е подготвен во рамки на проектот „Градиме мостови за заедничка иднина: Владеењето на правото во насока на пристапувањето во ЕУ“, финансиран од Европската Унија. Содржината на овој краток документ за политики е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.



Овој краток документ дава преглед на клучните случувања поврзани со владеењето на правото во поглед на пристапувањето на Република Северна Македонија во ЕУ за периодот од јули до септември 2023 година. Тој вклучува **следење на суштинските аспекти на пристапувањето во ЕУ, вклучувајќи ги и клучните случувања во областа на функционирањето на демократските институции, реформата на јавната администрација и Поглавјето 23: судството и темелните права.**

## Клучни случувања

» Комисијата за уставни прашања го поддржа предлогот за уставните амандмани со што го отвори патот за неговото понатамошно разгледување. Последователно, беше свикана пленарна седница, на која и власта и опозицијата останаа на своите првични ставови. Меѓутоа, седницата беше прекината, а процесот се очекува да продолжи во следниот период;

» Среде опсежните дискусии околу уставните амандмани, се одвиваат тајни разговори околу стратегијата за избори;

» Скандалот со лековите за болните од рак предизвика гнев кај јавноста во Република Северна Македонија, со повици за оставки на министерот;

» Советот за соработка меѓу владата и граѓанското општество продолжи со својот бојкот и го исчекува одговорот од владините претставници во врска со барањата за состанување;

» Во Брисел беше потпишан договор за партнерство за програмата „Дигитална Европа (2021-2027)" помеѓу Република Северна Македонија и Европската унија;

» Во јули беше донесена Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023-2030 со акциски план;

» Согледаните недоследности во изборот на членови за Судскиот совет од редот на судиите и евидентираните систематски слабости во моделот за нивен избор кулминираа со оценска мисија за работата на Судскиот совет од страна на Европската унија;

» За да се поддржат начелата на правна сигурност и транспарентност и да се обезбеди доследна примена на законските одредби, а со тоа да се олесни работењето на медиумите, Врховниот суд утврди начелен став за акредитациите на медиумите и одобренијата за снимање и фотографирање;

» Несогласувањата и одбивањето на барањето за пренамена на средства од Судскиот буџетски совет резултираше со генерален штрајк на судската и на јавнообвинителската служба. Штрајкот е поттикнат од барањата за зголемување на платите за 78% и враќање на додатоците на платата од 35%.

» Уставниот суд го укина новодонесеното Упатство за матичните книги со кое се додаде графата „националност" во изводите од матичните книги на родени, венчани и умрени, оспорено од експерти и некои од партиите заради упад во чувствителни заштитени податоци;

» Во септември беа донесени предложените измени и дополнувања на Кривичниот законик со кои се воведуваат полесни казни за кривичните дела Злоупотреба на службена положба и овластување и Злосторничко здружување;

» Новиот предлог-закон за амнестија, со којшто е предвидено да се ослободат лицата осудени за полесни кривични дела, влезе во собраниска постапка;

» Објавен е Правилникот за дополнување на Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи, со којшто на жените кои издржуваат затворска казна им се обезбедуваат исти права и бенефиции како и на мажите;

» Во јули беа донесени измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, но со измените не е изменет ниту избришан спорниот член 102, кој се однесува на забраната за владино рекламирање во приватни медиуми;

» Во септември беше изменет и дополнет Законот за данокот на додадена вредност со што стапката на данокот на производи за менструална хигиена беше намален од 18% на 5%, а со тоа последователно ќе се намали нивната цена.



# Список на кратенки

| | |
|---|---|
| АА | Алијанса за Албанците |
| ААВМУ | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| АКМИС | Информациски систем за автоматско управување со судски предмети |
| ЗНМ | Здружение на новинари на Македонија |
| АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители |
| ОЈО | Основно јавно обвинителство |
| ОЈОГОКК | Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција |
| КСЗД | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| ГО | Граѓански организации |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| ЕК | Европска комисија |
| ЕКЧП | Европска конвенција за човекови права |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ЕПИ | Институт за европска политика |
| АЕП | Академија за европско право |
| ЕУ | Европска унија |
| ИРИ | Меѓународен републикански институт |
| ИРЛ | Истражувачка репортерска лабораторија |
| ЗААВМУ | Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| ЛГБТИ | Лезбиски, геј, бисексуални, транс и интерсексуални лица |
| МНР | Министерство за надворешни работи |
| МИА | Медиумска информативна агенција |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МП | Министерство за правда |
| НАТО | Северноатлантска договорна организација |
| НВО | Невладини организации |
| УВМК | Управа за водење на матичните книги |
| ОТА | Оперативно-техничка агенција |
| ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка на Европа |
| РЈА | Реформа на јавната администрација |
| АЗЛП | Агенција за заштита на личните податоци |
| ЈО | Јавно обвинителство |
| РМ | Република Македонија |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупција |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| СЕП | Секретаријат за европски прашања |
| СИГМА | Поддршка за подобрување во владеењето и управувањето |
| ДЕУ | Договор за Европската унија |
| УПОЗ | Синдикат на работници од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани |
| САД | Соединети Американски Држави |
| ВМРО-ДПМНЕ | Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство |
| ВеБЕР (WeBER) | Овозможување на реформа на јавната администрација во Западен Балкан |



# Содржина


**Функционирање на демократските институции** ..... **6**

Избори ..... 7
Собрание ..... 8
Управување ..... 8
Граѓанско општество ..... 12
Цивилен надзор врз безбедносниот/разузнавачкиот сектор ..... 13
Реформа на јавната администрација ..... 13

**Поглавје 23** ..... **15**

Функционирање на судството ..... 16
- Стратешки документи ..... 16
- Управни тела ..... 16
- Независност и непристрасност ..... 18
- Отчетност ..... 19
- Професионализам и надлежност ..... 20
- Квалитет на правдата ..... 21
- Ефикасност ..... 22

Борба против корупција ..... 24
- Државна комисија за спречување на корупција ..... 24
- Јавно обвинителство ..... 26
- Правна рамка ..... 27

Темелни права ..... 29
- Судска практика на Европскиот суд за човекови права ..... 29
- Народен правобранител ..... 29
- Затворски и притворски установи ..... 30
- Заштита на личните податоци ..... 31
- Слобода на изразување ..... 31
- Ранливи групи и начело на недискриминација ..... 32
- Род ..... 34
- ЛГБТИ+ ..... 34
- Роми ..... 35

# Функционирање на демократските институции




# Избори

На почетокот на јули министрите од Демократската унија за интеграција (ДУИ) поднесоа условни оставки. Тие изјавија дека ќе поднесат оставки од своите функции доколку Внатрешната македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ) гласа за уставните измени. Ваквиот став го поддржа и претседателот на Собранието, кој исто така поднесе оставка. Сепак, ВМРО-ДПМНЕ одби да ја прифати оставката на претседателот и продолжи да се заложува за предвремени избори без да ги поддржи уставните измени.[1]

Претседателот на Алијансата за Албанците (АА), воедно и актуелен градоначалник на Гостивар, сметаше дека предвремени избори во ноември или во декември годинава не се препорачливи. Истовремено, тој смета дека тие не треба да се одржат ниту во јули следната година, во редовниот термин. Неговиот став се заснова на убедувањето дека редовните претседателски избори идеално би требало да се одржат во март или во април. Одржувањето на парламентарните избори набрзо потоа би значело непотребно финансиско оптоварување на државата.[2]

Среде опсежните дискусии околу уставните амандмани, се одвиваат тајни разговори околу стратегијата за избори. Едното сценарио вклучува потенцијална постизборна соработка меѓу сегашните проевропски коалициски партнери и нова граѓанска партија за да се неутрализираат можните загубени гласови. Сепак, во ДУИ постои уверување дека дејствувањето на фракцијата „Огнена група" нема значително да влијае врз нив. Од друга страна, се појавија поделби во самата „Огнена група". Лидерот на албанскиот блок планира да формира ново движење во соработка со опозициските партии Беса и Алтернатива. Во исто време, други членови претпочитаат да се занимаваат со прашања во рамките на нивната постојна партија. Има и шпекулации за појава на нови политички субјекти, меѓу кои и на градоначалничката на Град Скопје и на градоначалникот на општина Куманово. Составот на владејачката коалиција по изборите останува неизвесен, а ставот на АА испраќа мешани сигнали.[3]

Во септември стана очигледна поделеноста во опозициската партија ВМРО-ДПМНЕ. Актуелниот претседател на партијата јавно се судри со поранешниот претседател на партијата и екс-премиер. Тој го обвини поранешниот лидер на партијата дека соработува со актуелната власт за да ја ослабне партијата. Оваа размена на обвинувања доведе до дискусии меѓу нивните поддржувачи и тоа влијаше врз популарноста на партијата. Сепак, двете страни ги отфрлија тврдењата за соработка меѓу поранешниот претседател на партијата и актуелната влада.[4]

1 „Оставките на ДУИ – тактика или прилика?!", ***Vecer.mk***, 31 јули 2023, https://bit.ly/4951fG5.

2 „Таравари е против одржување на парламентарните избори во редовниот термин – во јули, догодина", ***360 степени***, 7 август 2023, https://360Stepeni.mk/taravari-e-protiv-odrzhuvane-na-parlamentarnite-izbori-vo-redovniot-termin-vo-juli-do-godina/.

3 „Претпладне за измените, попладне за изборите", ***Дојче веле***, 17 јули 2023, https://www.dw.com/mk/pretpladne-za-izmenite-popladne-za-izborite/a-66251626.

4 „Бегалецот, експремиерот на Северна Македонија осуден за 'валкана зделка' со Владата" ("Fugitive North Macedonia Ex-PM Accused of 'Dirty Deal' with Govt"), ***Balkan Insight – Balkan Investigative Reporting Network***, 20 септември 2023, https://balkaninsight.com/2023/09/20/fugitive-north-macedonia-ex-pm-accused-of-dirty-deal-with-govt/.

# Собрание

Во јули централно место заседоа условните оставки на министрите од редовите на ДУИ. Партиите на власт тврдеа дека се исполнети сите услови на опозицијата за гласање за уставните измени. Наспроти тоа, опозицијата и понатаму тврдеше дека најавата на ДУИ била неискрена, нагласувајќи дека оставките треба да се случат во Собранието, а не преку изјави за медиумите.

Главниот фокус на национално ниво остана на уставните амандмани, при што првата пленарна седница почна на 18 август. Претседателот на Собранието по седницата изјави дека таа ќе продолжи подоцна кога ќе биде присутно потребното мнозинство.[5]

Извештајот објавен од Институтот за демократија „Социетас цивилис" – Скопје, покажа дека има релативно низок квалитет на дебатата во Собранието во овој мандат и дека има простор за значително подобрување.[6] Според извештајот, пратениците од опозицијата биле поактивни во дискусиите, со удел од 76% во сите набљудувани дискусии, додека пратениците од парламентарното мнозинство имале удел од 24%. Уделот на жените во дискусијата е на високо ниво од 43%. Тоа останува на релативно високо ниво и ова е највисоко учество на жените во дискусијата во споредба со претходно набљудувани мандати. Проблематично е што во 49% од сите анализирани дискусии, учесниците не изнеле никакви аргументи. За споредба, 44% од анализираните дискусии имале слаби аргументи; односно говорниците понудиле објаснувања на своите позиции што се недоволни за да се сметаат за сеопфатен аргумент.

Шпанскиот амбасадор ги претстави програмата и приоритетите на шпанското претседателство со Советот на Европската унија за периодот јули-декември 2023 година на заедничката седница на Националниот совет за европска интеграција и Комисијата за европски прашања.[7]

# Управување

Според анкетата објавена од Меѓународниот републикански институт (ИРИ),[8] само 1% од граѓаните им веруваат на судството и на јавните обвинители. Наспроти тоа, само 6% од граѓаните веруваат во еднаквост пред законите во Република Северна Македонија, а 38% имаат целосна недоверба. Сиромаштијата, нискиот стандард и високите цени се на врвот на листата како најважни проблеми со кои се соочуваат граѓаните, а статистиката покажува дека речиси 50% од анкетираните се песимисти и очекуваат уште полоша економска состојба во следните две години. Во однос на евроинтеграцијата на Република Северна Македонија, има пораст на поддршката за членство во Европската унија (ЕУ) во споредба со последната анкета од октомври минатата година. Влезот на државата во Унијата го поддржуваат 79% од граѓаните, а против се само 17%.

---

5 „Џафери ја прекина седницата за промена на Уставот, власта не најде 80 пратеници", ***А1 Оn***, 18 август 2023, https://a1on.mk/macedonia/dzhaferi-ja-prekina-sednicata-za-promena-na-ustavot-vlasta-ne-najde-80-pratenici/.

6 Влора Речица, Александра Јовевска Ѓорѓевиќ и Никола Донев, „Извештај од набљудување бр. 16/2023 – Поглед на собранието: Извештај од набљудувањето на квалитетот на дебатата во Собранието (јануари-јуни 2023)" [Институт за демократија „Социетас цивилис" – Скопје (IDSCS), август 2023], A4_Kvalitet_na_debata_januari_juni_2023MKD-1.pdf (idscs.org.mk).

7 „Шпанија продолжува со заложбите за проширување на ЕУ", ***официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија***, 11 јули 2023, https://www.sobranie.mk/ns-newsarticle-spanija-prodolzuva-so-zalozbite-za-prosiruvane-na-eu.nspx.

8 Center for Insights in Survey Research, "National Survey of North Macedonia | April – May 2023" („Национално истражување за Северна Македонија | април – мај 2023") (International Republican Institute – IRI, 10 јули 2023), https://www.iri.org/resources/national-survey-of-north-macedonia-april-may-2023/.

Владата подготвува нова Стратегија за транспарентност со акциски план за 2023-2026 година.[9] Предлогот беше изработен од работна група предводена од граѓански организации (ГО) и беше претставен во септември.[10]

Истражувањето за индексот на активна транспарентност на институциите, кое редовно го спроведува невладината организација Центар за граѓански комуникации, покажува дека и во 2023 година, како и во 2022 година, Владата има 100%, односно ги објавува сите предвидени информации од активната транспарентност.[11] Стопроцентната активна транспарентност годинава ја одржува и Министерството за одбрана. Целокупната активна транспарентност на Владата и министерствата е подобрена за 86% оваа година. Истовремено, високо ниво на активна транспарентност е регистрирано кај голем број министерства, како што се Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија и Министерството за транспорт и врски.[12]

Кон крајот на јули беше запалено возило поврзано со првиот потпретседател на Владата,[13] чин што Владата остро го осуди.[14] Инцидентот иницираше прашања за точноста на анкетниот лист на потпретседателот, бидејќи таму имал наведено дека поседува автомобил од марката „цитроен ксара“ проценет на 1.000 евра, а не „ауди“.[15] Овој настан наиде на осуда од разни политички фигури, а опозицијата побара истрага од јавното обвинителство за потенцијално прикривање имот и незаконско поставување флешери, што може да ги постави само Министерството за внатрешни работи (МВР). Како одговор, Основното јавно обвинителство Скопје побара документација за набавката и за сопственоста на возилото. Потпретседателот на Владата подоцна појасни дека автомобилот не бил негов и се извини на сопственикот и на неговите соседи.[16]

Скандалот со лековите за болните од рак предизвика гнев кај јавноста во Република Северна Македонија, со повици за оставки на министерот.[17] Контроверзноста се појави непосредно пред Собранието на Република Северна Македонија да ги донесе контроверзните измени и дополнувања на Кривичниот законик, критикувани заради потенцијално поткопување на напорите за борба

---

9 „Известување од состанокот со дел од работната група за изготвување на новата Стратегија за транспарентност со Акциски план (2023-2026)“, официјален профил на „Фејсбук“ на Славица Грковска, заменичка на претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, 6 јули 2023, https://bit.ly/3Mj03VQ.

10 „Грковска: Податоците им припаѓаат на граѓаните, носителите на функции да обезбедат целосна транспарентност на институциите“, официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 11 септември 2023, https://vlada.mk/node/34412.

11 „Индекс на активна транспарентност 2023“, Центар за граѓански комуникации, 10 јули 2023, Center for Civil Communications – Индекс на активна транспарентност 2023 (ccc.org.mk).

12 „Владата со 100% активна транспарентност и во 2023 година“, ***Канал 5***, 10 јули 2023, https://kanal5.com.mk/vlada-ta-so-100-aktivna-transparentnost-i-vo-2023-godina/a590498.

13 „Се тврди дека е опожарен приватниот автомобил на Артан Груби, кој пак се води на друго име“, ***meta.mk***, 22 јули 2023, https://meta.mk/se-tvrdi-deka-e-opozharen-privatniot-avtomobil-na-vicepremierot-grubi-koj-pak-se-vodi-na-drugo-ime/.

14 „Безбедноста е врвен приоритет, постапување без одлагање за брзо и целосно расчистување на случајот на насилство во кое е запалено возилото кое го користел првиот вицепремиер Груби“, ***официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија***, 23 јули 2023, https://vlada.mk/node/33991.

15 „Детален преглед – Артан Груби“, ***официјална интернет-страница*** н***а Државната комисија за спречување на корупција***, https://bit.ly/3FA60K0.

16 „Запаленото ’ауди‘ во рацете на обвинител: ќе проверува дали сопственик е Груби и кога е купено“, ***mkd.mk***, 23 јули 2023, https://bit.ly/3FytyyT.

17 “Cancer Treatment Misuse Allegations Rock North Macedonia” („Наводи за злоупотреба на лекувањето за рак ја тресат Северна Македонија“), ***Balkan Insight – Balkan Investigative Reporting Network***, 4 септември 2023, https://balkaninsight.com/2023/09/04/cancer-treatment-misuse-allegations-rock-north-macedonia/.

против корупцијата.[18] Претставниците на невладините организации (НВО) предупредија дека овие промени можат да доведат до застарување на многу случаи на корупција од висок профил во кои се вмешани поранешни политички лидери и функционери кои се соочуваат со обвиненија за „злоупотреба на функцијата“ и „злосторничко здружување“.[19] Опозициските партии се сомневаат дека е на повидок договор со поранешниот премиер за да се обезбеди поддршка за уставните промени, што потенцијално ќе влијае на ситуацијата во која се наоѓа од правен аспект. Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ ги критикуваше и брзите законски измени, сугерирајќи дека тие ги штитат владините функционери во заминување од потенцијално гонење.[20] Дополнително, имаше реакциите од Делегацијата на ЕУ во земјава и од Европската комисија (ЕК) за овие измени и дополнувања поради нивното брзо донесување и поради злоупотребата на европското знаменце.[21]

На почетокот на јули, во Брисел беше спроведен билатералниот скрининг за Поглавјето 27 – Животна средина и климатски промени, еден од двата најдолги скрининзи. На скринингот пред ЕК, со помош на 75 презентации, беа презентирани состојбите во областите на хоризонталното законодавство, управувањето со отпадот, квалитетот на водата, природата, хемикалиите, индустриското загадување и климатските промени.[22] Исто така, на средината на јули беше спроведен и објаснувачкиот скрининг за Кластерот 5 – „Ресурси, земјоделство и кохезија“,[23] а во септември беа одржани и скрининг состаноците за Поглавјето 15 – Енергија, Поглавјето 21 – Трансевропски мрежи и Кластерот 6, Поглавје 30 – Надворешните односи.[24]

Во текот на август 2023 година, меѓу позначајните настани беше објавувањето на извештајот од скринингот за Кластерот 1[25] од страна на ЕК и презентацијата на извештајот на „Групата на дванаесет експерти“, панел свикан од француската и германската влада, насловен како „Пловење на отворено море: реформирање и проширување на ЕУ за 21 век“.[26] Во однос на првото, беше посочено дека правната рамка во голема мера е воспоставена, но треба да се зајакне спроведувањето. Потребно е особено подобрување во областа на говорот на омраза, корупцијата и конфискацијата на имот стекнат со криминал, проактивно и поажурно спроведување на стратегијата за борба против корупцијата и поголема политичка волја во однос на реформата на јавната администрација. Испратени се и директни пораки до советите на судиите и јавните обвинители да

18 „Наводи за злоупотреба на лекувањето за рак ја тресат Северна Македонија“.

19 „Владата предложи измени на Кривичниот законик со кој се намалуваат затворските казни за функционерите“, ***Гласот на Америка***, 6 септември 2023, https://mk.voanews.com/a/vladata-predlozhi-izmeni-na-krivichniot-zakonik-so-ko%D1%98-se-namaluvaat-zatvorskite-kazni-za-funkcionerite/7256668.html.

20 “North Macedonia’s President Urged to Block Sudden Criminal Law Changes” („Претседателот на Северна Македонија апелира да се блокираат ненадејните измени на Кривичниот законик“), ***Balkan Insight – Balkan Investigative Reporting Network***, 7 септември 2023, https://balkaninsight.com/2023/09/07/north-macedonias-president-urged-to-block-sudden-criminal-law-changes/.

21 „Европската комисија е загрижена поради измените на Кривичниот законик“, ***slobodnaevropa.mk***, 12 септември 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32589801.html.

22 „Шукова од Брисел: Подготвени сме да го преземеме нашиот дел од одговорноста“, ***официјална интернет-страница на Владата*** на ***Република Северна Македонија***, 3 јули 2023, https://vlada.mk/node/33792/.

23 „Во Брисел започна објаснувачкиот скрининг за Кластер 5, ’Ресурси, земјоделство и кохезија‘“, ***официјална интернет-страница на Секретаријатот на европски прашања***, 17 јули 2023, https://www.sep.gov.mk/post/?id=13480.

24 „Во Брисел започна скрининг состанокот за Поглавје 15 – Енергетика и Поглавје 21 – Трансевропски мрежи“, ***официјална интернет-страница на Секретаријатот на европски прашања***, 14 септември 2023, 15, https://www.sep.gov.mk/post/?id=13525.

25 “Screening Report North Macedonia Cluster 1 – Fundamentals” („Скрининг извештај за Кластер 1 за Северна Македонија – Фундаментални вредности“ (Европска комисија, 20 јули 2023), https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2023-07/MK%20Cluster_1%20Draft%20screening%20report_external%20version.pdf.

26 „Скрининг извештај за Кластер 1 за Северна Македонија – Фундаментални вредности“.

го почитуваат начелото на независност на судството, да промовираат транспарентност и да спречат и санкционираат форми на внатрешно и надворешно мешање во правосудниот систем. Од друга страна, француско-германскиот експертски предлог му дава огромно значење на почитувањето на владеењето на правото како неприкосновено уставно начело што е од суштинска важност за ефективно функционирање на ЕУ и како предуслов за пристапување. Извештајот содржи неколку препораки за подобрување на капацитетот на ЕУ за заштита и зајакнување на владеењето на правото. Овие препораки опфаќаат зајакнување на мерките за буџетска условеност и подобрување на член 7 од Договорот за Европската унија (ДЕУ) преку процес на ревизија на договорот. Предложената промена во насока на овозможување гласање со квалификувано мнозинство за донесување одлуки во широк спектар на домени од политиките на ЕУ е од еднакво значење.

Владата продолжи со дипломатските напори за промовирање на уставните амандмани во текот на периодот што е предмет на овој извештај. Владините претставници се впуштија во кампања за убедување преку посети и настапи во медиумите, настојувајќи да ги убедат граѓаните дека амандманите не се штетни и не треба да го попречат патот на интеграцијата на земјата во ЕУ.[27, 28] Премиерот го презентираше предлогот за уставни измени на седница на Комисијата за уставни прашања во Собранието на Република Северна Македонија. Владата го разгледа и го одобри предлогот на 18 јули 2023 година и тој влезе во собраниска постапка на 25 јули 2023 година.[29] Собранието на Република Северна Македонија иницираше десетдневна расправа за владиниот предлог за измена на Уставот, за што е потребна поддршка од две третини од сите 120 пратеници за да биде донесен.[30] Дополнително, премиерот се обрати на пленарната седница во Собранието на која присуствуваа 73 пратеници кои ги поддржуваат измените, при што ја истакна европската иднина на земјата.[31]

Во интервју за Медиумската информативна агенција (МИА), премиерот ја потврди стабилноста на владината коалиција, дури и во контекст на последните случувања во ДУИ и појавата на Демократското движење. Тој изрази увереност за стабилноста на коалицијата и дека очекува проевропските партии да останат посветени на уставните амандмани. Тој нагласи дека сите парламентарни партии и пратеници го препознале значењето на овој историски момент и потребата да се донесе правилна одлука за обликување на европскиот пат на земјата.[32]

Во текот на периодот што го опфаќа овој извештај, Република Северна Македонија беше сведок на многубројни посети од високи претставници од земјите-членки на ЕУ и САД, кои ја потврдија нивната силна поддршка за почнување на пристапните преговори. Важноста од успешната

27 „Петровска: Уставните измени не нанесуваат штета, не смее да се губи драгоцено време во процесот на пристапување кон ЕУ“, ***официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија***, 17 јули 2023, https://vlada.mk/node/33921.

28 „Ковачевски за МИА: Нови условувања нема да има, време е за државнички одлуки“, ***официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија***, 6 август 2023, https://vlada.mk/node/34087.

29 „Ковачевски на Комисијата за уставни прашања: Имаме неповторлива шанса за продолжување на европскиот пат, македонскиот јазик и идентитет се заштитени, пред пратениците е државничка одлука“, ***официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија***, 25 јули 2023, https://vlada.mk/node/34001.

30 “North Macedonia Assembly Starts Session on Constitutional Change” („Собранието на Северна Македонија почна седница за уставните промени“), ***Balkan Insight – Balkan Investigative Reporting Network***, 18 август 2023, https://balkaninsight.com/2023/08/18/north-macedonia-Assembly-starts-session-on-constitutional-change/.

31 „Тема на денот со премиерот и претседател на СДСМ, Димитар Ковачевски“, ***Сител Телевизија***, 3 октомври 2023, https://sitel.com.mk/tema-na-denot-so-premierot-i-pretsedatel-na-sdsm-dimitar-kovachevski-0.

32 „Ковачевски за МИА: Коалицијата е стабилна, очекувам плодна парламентарна дебата за натпартиска, државничка одлука“, ***maktel.mk***, 7 август 2023, https://bit.ly/498APmH.

реализација на уставните амандмани беше тема што се повторуваше за време на овие посети. Премиерот и министерот за надворешни работи имаа повеќе средби со лидери и колеги од земјите-членки на ЕУ на различни форуми, вклучително и на Бледскиот стратешки форум, Форумот за поврзување во Тирана и Берлинскиот процес.

Во рамките на регионалната соработка, македонскиот премиер се сретна со албанскиот премиер, при што разговараа за Берлинскиот процес, интеграцијата во ЕУ и зајакнувањето на билатералните врски како членки на Северноатлантската договорна организација (НАТО). Тие ја истакнаа потребата од непоколеблива посветеност за добивање членство во ЕУ до 2030 година.[33] Исто така, на 16 јули 2023 година, македонскиот и српскиот премиер воведоа интегриран електронски систем за наплата на патарина, овозможувајќи прекугранични плаќања на патарина помеѓу Република Северна Македонија и Србија со еден единствен ТАГ-уред.[34]

На дваесет и двегодишнината од Охридскиот мировен договор, првиот потпретседател на Владата се осврна на неговото значење, истакнувајќи дека со него била означена нова ера за Република Северна Македонија. Договорот ги постави основите за мир, единство, еднаквост и демократија заснована на консензус. И покрај сомнежот и предизвици на почетокот, надвладеа определбата за надминување на предрасудите и дискриминацијата во корист на заедничка иднина заснована на заемни идентитетски вредности.[35]

# Граѓанско општество

Советот за соработка меѓу владата и граѓанското општество продолжи со својот бојкот и чека одговор од владините претставници во врска со барањата за состанок.

Во август, Секретаријатот за европски прашања (СЕП) иницираше консултации со ГО,[36] нагласувајќи ја потребата од транспарентност и инклузивност. СЕП се обврза на тековни разговори со граѓанските организации за развој на патокази што ги опфаќаат придонесите од сите општествени чинители за политичките и институционалните реформи, со цел Република Северна Македонија да се подготви за полноправно членство во ЕУ до 2030 година. ГО го поздравија почнувањето консултации за патоказот. Тие ја изразија својата подготвеност активно да се вклучат во конструктивни дискусии, давајќи писмен придонес што значително ќе ја обликува содржината на овие документи.[37]

33 „Ковачевски-Рама: Берлинскиот процес и останатите регионални иницијативи обезбедуваат побрза евроинтеграција на земјите од регионот“, ***официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија***, 6 јули 2023, https://vlada.mk/node/33818.

34 „Ковачевски-Брнабиќ: Отворен Балкан дава резултати, со заеднички таг за патарини, олеснето патувањето за граѓаните на Северна Македонија и Србија“, ***официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија***, 16 јули 2023, https://vlada.mk/node/33912.

35 „Пораката на првиот потпретседател на Владата, Артан Груби по повод на 22-годишнината на Охридскиот рамковен договор“, ***официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија***, 13 август 2023, https://vlada.mk/node/34122.

36 „Маричиќ: Придонесот на граѓанскиот сектор е клучен за успешен напредок во евроинтегративниот процес“, ***официјална интернет-страница на Секретаријатот за европски прашања***, 24 август 2023, https://www.sep.gov.mk/post/?id=13493.

37 „Маричиќ: Придонесот на граѓанскиот сектор е клучен за успешен напредок во евроинтегративниот процес“, ***официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија***, 24 август 2023, https://vlada.mk/node/34219.

# Цивилен надзор врз безбедносниот/ разузнавачкиот сектор

Оперативно-техничката агенција (ОТА) во моментов е без директор, бидејќи на поранешниот директор во септември му заврши петгодишниот мандат и нема право на реизбор. Поранешниот директор првично закажа прес-конференција за седми септември, денот кога му заврши мандатот, но подоцна беше откажана без образложение. За именување на нов директор потребно е двотретинско мнозинство во Собранието и, иако за функцијата се пријавиле 21 лице, сè уште не е донесена одлука.

Пратеник од партијата ВМРО-ДПМНЕ изрази загриженост дека агенциите не доставиле доволно докази за да потврдат дали граѓаните се следат со користење на т.н. малициозен софтвер. Дополнително, постои недоверба во однос на производството на софтвер во Република Северна Македонија што потенцијално може да се злоупотреби за нелегално следење на комуникациите.[38]

# Реформа на јавната администрација

На почетокот на месецот, во Брисел беше потпишан Договорот за партнерство меѓу Република Северна Македонија и ЕУ во програмата „Дигитална Европа (2021-2027)". Договорот го потпишаа министерот за информатичко општество и администрација и претставници од ЕК.[39]

На 11 јули беше донесена Стратегијата за РЈА 2023-2030 со Акциски план, а во септември беше презентирана од страна на Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Поддршка за подобрување на раководењето и управувањето (СИГМА) во рамките на настанот „Современа, ефикасна и дигитализирана јавна администрација: Визија 2030 – испорака на поквалитетни јавни услуги за граѓаните и приватниот сектор".[40] Стратегијата предвидува вклучување претставници од граѓанскиот сектор во Секретаријатот за реформа на јавната администрација (РЈА) и, доколку е потребно, во Советот за РЈА. Во тек е формирањето на новиот состав на Секретаријатот, што всушност е препорака од Монитор за РЈА на ЕПИ во рамките на Проектот „Овозможување на реформа на јавната администрација во Западен Балкан" (WeBER).[41] Стратегијата, исто така, ги цитира наодите од Мониторот за РЈА на ЕПИ, што всушност претставува акција по друга препорака од мониторот, наодите на граѓанските организации да бидат соодветно наведени во владините документи.[42]

---

38 „Николоски: Не добивме кредибилен демант дека во земјава не се следат граѓани со малициозен софтвер", ***официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија***, 18 септември 2023, https://360Stepeni.mk/nikoloski-ne-dobivme-kredibilen-demant-deka-vo-zemjava-ne-se-sledat-gragani-so-malitsiozen-softver/.

39 „Министерот Азир Алиу во Брисел го потпиша Договорот за партнерство во програмата 'Дигитална Европа (2021-2027)' со ЕУ", ***официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија***, 2 јули 2023, https://vlada.mk/node/33790.

40 „Презентирана новата Стратегија за реформа на јавната администрација", ***meta.mk***, 20 септември 2023, https://meta.mk/prezentirana-novata-strategija-za-reforma-na-javnata-administracija/.

41 Јулијана Караи и Ангел Мојсовски, „Национален монитор за РЈА 2021/2022 – Северна Македонија" (Институт за европска политика – Скопје, 10 јули 2023), https://www.par-monitor.org/north-macedonia-par-monitor-2021-2022/.

42 „Стратегија за реформа на јавната администрација 2023-2030 со Акциски план 2023-2026" (Министерство за информатичко општество и администрација, јули 2023), 22, https://www.mioa.gov.mk/mk-MK/news/strategija-za-reforma-na-javnata-administracija-2023-2030-so-akciski-plan.nspx.

Во јули се одржа јавна расправа по предлог-законот за висока раководна служба.[43] Системот на висока раководна служба треба да обезбеди постигнување на две клучни цели:

1. Професионални високи раководители избрани преку отворена и меритократска постапка (врз основа на нивните професионални надлежности);
2. Воспоставување односи на доверба и одговорност помеѓу политички избраните и именуваните лица и високите раководители.

Воедно, продолжува работата на новите закони за вработените во јавниот сектор и административните службеници со поддршка на СИГМА, кои се планира да се донесат во пакет со Законот.[44]

Во септември се одржа шестата седница на Советот за координација и следење на процесот на Отворено владино партнерство 2021-2023. На седницата беа разгледани и дискутирани идеите и предизвиците добиени од работните групи за креирање предлог-заложби за новиот акциски план за Отворено владино партнерство 2024-2026.[45]

Во септември се одржа јавна дискусија за нацрт-стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија (2023-2026). Стратегијата има цел да ги поврзе и да ги усогласи веќе донесените политики што на директен или индиректен начин имаат цел да ја подобрат транспарентноста на институциите и да дадат нови насоки за подобрување на транспарентноста на институциите.[46]

До крајот на периодот што е предмет на овој извештај, министерот за информатичко општество и администрација одржа работна средба со заменичката на претседателот на Владата задолжена за политики за добро владеење и претседателот на Националниот совет за дигитална трансформација на општеството, како и претставниците на Националниот совет, на која се разговараше за дигитализацијата и Законот за безбедност на мрежни и информациски системи и дигитална трансформација и за создавање на Дигитална агенција.[47]

43 „Критики за Законот за висока раководна служба, тешко може да се избегне политичко влијание“, ***meta.mk***, 21 септември 2023, https://meta.mk/kritiki-za-zakonot-za-visoka-rakovodna-sluzhba-teshko-mozhe-da-se-izbegne-politichko-vlijanie/.

44 „Законите за вработени во јавниот сектор и за административни службеници во владина процедура, ќе се носат со европско знаменце“, ***24 Инфо***, 4 октомври 2023, https://bit.ly/3FGDgzb.

45 „Одржана шестата седница на Советот за координација и следење на процесот на Партнерството за отворена власт 2021-2023 година“, официјална интернет-страница на ***Министерство за информатичко општество и администрација***, 28 септември 2023, https://www.mioa.gov.mk/mk-MK/news/odrzana-sestata-sednica-na-sovetot-za-koordinacija-i-sledene-na-procesot-na-partnerstvoto-za-otvorena-vlast-2021-2023-godina.nspx.

46 „Стратегија за транспарентност на Владата – визија за држава со култура на транспарентност и добро владеење за зголемена доверба на граѓаните“, ***Цивил Медиа***, 11 септември 2023, https://civilmedia.mk/strategija-za-transparentnost-na-vlada-ta-vizija-za-drzhava-so-kultura-na-transparentnost-i-dobro-vladeene-za-zgolemena-doverba-na-graganite/.

47 „Алиу: Со создавањето на дигиталната агенција, ја определуваме визијата да станеме земја-членка на ЕУ“, ***МИА – Медиумска информативна агенција***, 19 септември 2023, https://shorturl.at/dfmZ9.

# Поглавје 23



# Функционирање на судството

## Стратешки документи

Сè уште е неопходно да се донесе Стратегијата за развој на правосудниот сектор 2023-2027. Во моментов е во тек нејзина проверка и разгледување од надлежните државни институции.

## Управни тела

Во текот на извештајниот период беа направени напори за пополнување на испразнетите позиции во Судскиот совет, при што двајца членови ќе бидат избрани од судството (еден од Врховниот суд и еден од скопска апелација, вклучително и управните судови). Сепак, овој процес се соочи со недоследности и реакции во јавноста, што го поткопува кредибилитетот на институцијата. Имено, процесот на селекција на кандидати почна откако судија и претседателот на Основниот суд Кавадарци изнесоа приговори и добија одобрение од мнозинството.[48] Во конечните кандидатски листи беа предложени двајца од изборната област на Апелациониот суд Скопје и управните судови и еден кандидат од изборната област на Врховниот суд.[49] Пред финализирање на листите, Судскиот совет ја прекина постапката, наведувајќи ја загриженоста во однос на професионалните надлежности и успешноста на кандидатот во изборната област на Врховниот суд.[50] Ова суспендирање се случи еден ден пред утврдувањето на кандидатската листа, што иницираше прашања за претходното непостапување на Судскиот совет по овој предмет.[51] Понатаму, одлуката за запирање на постапката не беше јавно обелоденета, а причините за прекинот не беа објавени пред јавноста.[52]

---

48 Кандидатурата на судијата Лазар Нанев првично беше прифатена од Комисијата за подготовка на кандидатски листи по огласот за избор на членови на Советот, поради доставена некомплетна документација, за што правилата се наведени во самиот оглас, согласно Законот за Судскиот совет. Имено, кандидатот Лазар Нанев не доставил оригинални документи за стаж, како и потврда за завршена обука на Академијата за судии и јавни обвинители, туку копии. Заедно со приговорот што го поднел, доставил и оригинални докази, со образложение и електронска комуникација за причините за поднесувањето копии при поднесување на документите. На седницата одржана по ова прашање е забележано неконзистентно однесување од страна на членовите на Судскиот совет, кога станува збор за нивниот „формализам" во однос на прифаќањето на условите за исполнување на таксативно наброените документи потребни за кандидирање за член на Советот, бидејќи пред неколку месеци Судскиот совет ги прифатил кандидатите кои не доставиле оригинални документи. Конкретно, дел од членовите останаа на ставот дека, и покрај тоа што во законот стои кои документи треба да ги достави кандидатот, тоа не било потребно, бидејќи Судскиот совет имал податоци за секој судија во однос на стажот, за што е запознаена комисијата, а кои се составен дел од списите на секој судија, па затоа не треба да се бара нивно доставување. Од друга страна, другите членови сметаа дека, и покрај тоа што Судскиот совет е запознаен со податоците што се бара да се доставаат при конкретниот оглас, сепак секој кандидат е должен да го стори тоа, бидејќи тоа е законска обврска. „Судскиот совет му ја прифати неправилната апликација на Нанев, откако вчера ја запре постапката за разрешување на Георгиев и без проблем ги стави двајцата судии на листа за нови членови", ***Сакам да кажам***, 5 јули 2023, https://sdk.mk/index.php/makedonija/sudskiot-sovet-mu-ja-prifati-nepravilnata-aplikatsija-na-nanev-otkako-vchera-ja-zapre-postapkata-za-razreshuvane-na-georgiev-i-bez-problem-gi-stavi-dvajtsata-sudii-na-lista-za-novi-chlenovi/; „Извештај од следење на работата на Судскиот совет: јануари-јули 2023" (Институт за човекови права – Скопје, август 2023), https://bit.ly/3ZuDLpr.

49 По прифаќањето на приговорот на судијата Лазар Нанев, кандидатските листи беа потврдени со мнозинство гласови. Последователно, за скопската Апелација и за управните судови кандидати за членови на Советот беа Антоанета Димовска и Лазар Нанев, а за изборната област на Врховниот суд кандидат за член на Светот беше судијата Наќе Георгиев (Соопштение од 448. седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија), ***официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија***, 5 јули 2023, https://bit.ly/469MnUI.

50 За кандидатот-судија Наќе Георгиев во медиумите беше објавена информација што се однесуваше на постапка иницирана од Советот за неговото нестручно и несовесно работење, како и постапка пред Обвинителството за коруптивни дејствија во извршувањето на своите работни обврски како судија во Основниот суд Струмица, како и во Апелациониот суд Штип. „Соопштение од 447. седница на Судскиот совет на РСМ – 04.07.2023 година", ***официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија***, https://bit.ly/3ETs6qq.

51 „Реакција по повод избори на два члена на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите и изборот на јавни обвинители од Советот на јавни обвинители на РСМ" (Блупринт групата за реформи во правосудството, https://bit.ly/3Zzv7G4), 14.07.2023.

52 Ибид.

Изборите се одржаа на 13 јули 2023 година врз основа на утврдените кандидатски листи.[53] Сепак, резултатите од изборите за изборната област на Врховниот суд открија системска слабост во моделот на избор на членови на Судскиот совет. Поточно, на изборите учествуваа само шест од шеснаесет пријавени судии во Изборниот именик за овој суд.[54] Меѓу тринаесетте судии кои гласаа, седум гласачки ливчиња беа неважечки, што предизвика оправдана загриженост за легитимноста на избраниот член.[55] Воздржувањето на судиите може да се смета како форма на изборен бојкот. Овој системски недостаток потекнува од Законот за Судскиот совет, во кој недостигаат одредби за задолжителни критериуми за учество и конкретни изборни прагови за кандидатите.[56]

Една недела по неговиот избор, новоименуваниот член поднесе оставка од Судскиот совет поради загриженоста што се јави меѓу колегите.[57] Според Законот за судовите, близок роднина на член на Судскиот совет не може да биде судија, а неговиот син беше меѓу дваесет и петте неодамна избрани судии во различни основни судови.[58] Последователно беше распишан[59] втор оглас за пополнување на испразнетото место во Судскиот совет, но ниеден судија од Врховниот суд не се пријави.[60] Третиот оглас беше објавен на 13 септември 2023 година.[61] Како одговор на овие случувања, ЕУ спроведе оценска мисија во јули 2023 година, со фокус на функционирањето на Судскиот совет.[62] За време на нивната посета, мисијата имаше разговори со клучните чинители,[63] вклучително и Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје, посебно, и како дел од Блупринт групата за реформа на правосудството. Оценската мисија ја заврши својата работа до крајот на септември 2023 година,[64] а претстојниот извештај ќе содржи предложени мерки и препораки.[65]

---

53 „Наќе Георгиев и Антоанета Димовска избрани од редот на судиите за нови членови на Судскиот совет“, ***официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија***, 17 јули 2023, https://bit.ly/45cJt0h.

54 „Врховните судии ги испочкртаа гласачките ливчиња и го бојкотираа Наќе Георгиев, но тој со само 6 гласа сосе неговиот е избран за нов член на Судскиот совет. Избрана е и Антоанета Димовска“, ***Сакам да кажам***, 13 јули 2023, https://sdk.mk/index.php/makedonija/vrhovnite-sudii-gi-ispochkrtaa-glasachkite-livchina-i-go-bojkotiraa-nake-georgiev-no-toj-so-samo-6-glasa-sose-negoviot-e-izbran-za-nov-chlen-na-sudskiot-sovet-izbrana-e-i-antoaneta-dimovska/.

55 Ибид.

56 „Реакција по повод избори на два члена на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите и изборот на јавни обвинители од Советот на јавни обвинители на РСМ“.

57 „Соопштение од 450. седница на Судскиот совет на РСМ – 25.07.2023 година“, ***официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија***, https://bit.ly/3Rz2Hdp.

58 „Новоизбраниот член на Судски совет, Наќе Георгиев, поднесе оставка пред да даде заклетва во Собрание, му отвори пат на син му да биде избран за судија“, ***Сакам да кажам***, 25 јули 2023, https://sdk.mk/index.php/makedonija/novoizbraniot-chlen-na-sudskiot-sovet-nake-georgiev-podnese-ostavka-pred-da-dade-zakletva-vo-sobranie-mu-otvori-pat-na-sin-mu-da-bide-izbran-za-sudija/.

59 „Оглас за избор на 1 (еден) член од редот на судиите од Врховниот суд на Република Северна Македонија“, Службен Весник на Република Северна Македонија, бр. 252/2023.

60 „Врховните судии кои ги испочкртаа гласачките ливчиња со името на колегата Наќе Георгиев, го бојкотираа и повторениот оглас за член на овој Судски совет“, ***Сакам да кажам***, 13 септември 2023.

61 „Соопштение од 454. седница на Судскиот совет на РСМ – 13.09.2023 и 14.09.2023 година“, ***официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија***, https://bit.ly/3RDjwUt.

62 „Судски совет од утре 'под лупа' на ЕУ – почнува оценската мисија“, ***Канал 5***, 26 јули 2023, https://kanal5.com.mk/sudski-sovet-od-utre-pod-lupa-na-eu-pochnuva-ocenskata-misija/a592935.

63 „Состанок со експертскиот тим на Европската унија за спроведување оценска мисија на Судскиот совет“, ***официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупција***, 28 јули 2023, https://bit.ly/3ZANLgP.

64 „Оценската мисија на ЕУ за Судскиот совет заврши, се очекуваат мерки“, ***360 степени***, 23 септември 2023, https://360Stepeni.mk/otsenskata-misija-na-eu-za-sudskiot-sovet-zavrshi-se-ochekuvaat-merki/.

65 „Извештајот на оценската мисија на ЕУ ќе биде разгледуван транспарентно пред медиумите, најави претседателот на Судскиот совет“, ***360 степени***, 25 септември 2023, https://360Stepeni.mk/izveshtajot-na-otsenskata-misija-na-eu-ke-bide-razgleduvan-transparentno-pred-mediumite-najavi-pretsedatelot-na-sudskiot-sovet/.

Дополнително, на 27 септември 2023 година, Советот на јавни обвинители потврди дека мандатот на актуелниот претседател му завршил, а новата претседателка беше избрана едногласно.[66] Понатаму, на 25 септември 2023 година, Судскиот совет и Советот на јавни обвинители потпишаа меморандум за соработка.[67] Овој меморандум има цел да го оформи идниот соодност на кандидати за судии и јавни обвинители при уписот на нови слушатели за обука на Академијата за судии и јавни обвинители. Исто така, тој опфаќа заедничко застапување пред државните институции за подобрување на материјалните и финансиските услови за работа, зајакнување на буџетската независност, унапредување на статусот на стручната служба и решавање на други прашања од заеднички интерес за двата совета.[68]

## Независност и непристрасност

На 27 јули 2023 година, новинар од национална телевизија беше спречен да известува од седницата на Судскиот совет, на која присуствуваа и членови од оценската мисија на ЕУ, од страна на припадници на обезбедувањето на МВР на местото на одржување на седницата.[69] Известувањето во живо на новинарот се случи надвор од просториите каде што се одржуваше седницата, иако претходно бил регистриран и покажал идентификација.[70] Организациите на новинари и медиумски работници постојано го истакнуваат ова прашање во нивната комуникација со ресорното министерство, и покрај претходно потпишаниот меморандум за соработка што има цел да ги спречи службениците во МВР да ја попречуваат нивната работа.[71]

На 14 јули 2023 година во насока на поддршка на начелата на правна сигурност и транспарентност и за да се обезбеди доследна примена на законските одредби, а со тоа и да се олесни работата на медиумите, Врховниот суд утврди начелен став за акредитациите на медиумите во врска со одобренијата за снимање и фотографирање.[72] Овој начелен став беше изграден преку соработка и комуникација помеѓу Врховниот суд и Судско-медиумскиот совет, осврнувајќи се на различните судски практики што ја попречуваат работата на медиумите и усогласувањето со заложбите за отворен Судски совет.[73]

66 „Соопштение", ***официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на*** Република Северна Македонија, 27 септември 2023, https://bit.ly/3t2Q3Jh.

67 „Меморандум – нов почеток на соработка на Судски совет и Совет на јавни обвинители", ***официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија***, 27 септември 2023, https://bit.ly/3PysYWB.

68 Ибид.

69 „Екипата на ТВ 'Телма' попречена во извршување на својата работа при известување од Судски совет", ***Телевизија Телма***, 27 јули 2023, https://telma.com.mk/2023/07/27/ekipata-na-tv-telma-poprechena-vo-izvrshuvanje-na-svojata-rabota-pri-izvestuvanje-od-sudski-sovet/.

70 Ибид.

71 „Потпишан меморандум за соработка со Здружението на новинари на Македонија", ***официјална интернет-страница на Министерството за внатрешни работи***, 29 декември 2017, https://mvr.gov.mk/vest/5640.

72 „Врховниот суд утврди Начелен став за акредитациите на медиумите", ***официјална интернет-страница на Врховниот суд на*** Република Северна Македонија, 14 јули 2023, https://bit.ly/3rY1C4n.

73 Ибид.

## Отчетност

Вработени во Управниот суд во Скопје поднесоа кривична пријава против претседателот на судот. Тие се сомневаат во случаи на рачно распределување предмети преку Информацискиот систем за автоматско управување со судски предмет (АКМИС), намерно занемарување на над 190 првенствено финансиски предмети од 2021 до 2023 година во кои се вклучени Царинската управа и Управата за јавни приходи, како и вработување на блиски роднини.[74] Кривичната пријава е проследена до премиерот, до заменичката на претседателот на Владата задолжена за политики за добро владеење, до Управата за финансиска полиција и до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК).[75] Обвинетиот претседател на судот ги отфрли наводите како пристрасни.[76] Досега само Управата за финансиска полиција има отворено случај за расветлување на наводите, без наведен рок за понатамошни дејства.[77]

Дополнително, имаше обвинувања и префрлање на одговорноста за задоцнетиот одговор на идентификуваните злоупотреби на АКМИС меѓу министерот за правда и Судскиот совет во врска со заменик-претседателот на Основниот суд Куманово. Министерот за правда истакна дека поминале пет месеци од посетата на Советот на судот и било поднесено итно барање до Судскиот совет, но сè уште не биле преземени мерки.[78] Како одговор, Судскиот совет појасни дека АКМИС е во надлежност на Министерството, кое врши редовен и вонреден надзор на судовите во однос на истиот. Доколку се утврдат отстапувања или неправилности, Министерството може да подготви извештај за иницирање на соодветни постапки.[79]

Исто така, Основниот суд Куманово беше предмет на расправа меѓу овие институции поради кандидатурата на судија за претседател на судот. На судијата му беше дадена можност повторно да ги полага психолошкиот тест за личност и тестот за интегритет, спротивно на законот. Министерот за правда го повика Судскиот совет да постапи согласно своите законски надлежности и мислењето на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања.[80] Сепак, Судскиот совет се огради од одговорност, тврдејќи дека тој единствено има право да биде известен за исходот на постапката.[81]

---

74 „Кривична пријава против шефот на Управниот суд, Бурим Сејдини", ***Алсат М***, 9 јули 2023, https://alsat.mk/mk/krivichna-prijava-protiv-shefot-na-upravniot-sud-burim-sejdini/.

75 Ибид.

76 „Претседателот на Управниот суд негира дека застарувал предмети", ***Алсат М***, 10 јули 2023, https://fokus.mk/pretsedatelot-na-upravniot-sud-negira-deka-zastaruval-predmeti/.

77 „И Финансиската полиција го проверува шефот на Управниот суд, Бурим Сејдини", ***Алсат М***, 11 јули 2023, https://alsat.mk/mk/i-finansiskata-politsija-go-proveruva-shefot-na-upravniot-sud-burim-sejdini/.

78 „Судскиот совет веќе 5 месеци одолговлекува и не презема мерки за утврдување одговорност и санкција за в.д. претседателот на Основниот суд Куманово заради констатираните злоупотреби на АКМИС системот", ***официјална интернет-страница на Министерството за правда***, 11 јули 2023, https://www.pravda.gov.mk/vest/6569.

79 „Соопштение", ***официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија***, 12 јули 2023, https://bit.ly/3Q1cvKy.

80 „Не смее да се создаде незаконита пракса, судија што не положил психолошки тест за личност и тест за интегритет, повторно да може да полага", ***официјална интернет-страница на Министерството за правда***, 30 август 2023, https://www.pravda.gov.mk/vest/6584.

81 Советот ја информира јавноста дека на 13.07.2023 година доби допис од Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, со кој се известува ова тело дека споменатата кандидатка на 04.07.2023 година не била во можност докрај самостојно да го пополни психолошкиот тест на личност и тестот за интегритет. Од тие причини стручните лица од Институтот препорачуваат кандидатката повторно да го пополни тестирањето целосно самостојно во времетраење од два часа на 14.07. Судскиот совет, расправајќи по овој допис на работен состанок, оцени дека ова прашање е во надлежност на Институтот и „смета дека до Советот е потребно да доставите известување за исходот од целокупната постапка по спроведениот психолошки тест на личност и тест на интегритет". За ваквиот став на 13.07.2023 година со допис е известен Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања. „Реакција на Судскиот совет на изјавата на министерот Лога за судијата Манев", ***официјална интернет-страницата на Судскиот совет на Република Северна Македонија***, 30 август 2023, https://bit.ly/3S0Flxi.

## Професионализам и надлежност

Во овој квартал успешно беа избрани сите триесет кандидати за судии од седмата генерација на Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО).[82] На 25 јули 2023 година беа избрани дваесет и четворица судии во повеќе судови, меѓу кои Основниот суд Битола, Основниот суд Свети Николе, Основниот суд Струмица, Основниот суд Тетово, Основниот граѓански суд Скопје, Основниот кривичен суд Скопје и Основниот суд Струмица. Процесот на избор[83] се базираше на повиците објавени на шести април 2023 година[84] и на 30 мај 2023 година.[85] Преостанатите шест судии беа избрани на 26 септември 2023 година[86], по повикот објавен на осми август 2023 година.[87] Наскоро, четворица кандидати за јавни обвинители се очекува да бидат избрани од истата генерација слушатели на АСЈО, од кои двајца во Основното јавно обвинителство Гостивар и по еден во основните јавни обвинителства Скопје и Струга.[88]

На 12 јули 2023 година беа избрани двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство на Република Северна Македонија, двајца во Вишото јавно обвинителство Скопје, тројца во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈОГОКК), по еден во основните јавни обвинителства Гостивар и Кавадарци и пет јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Скопје.[89] Сепак, вреди да се напомене дека членовите на Советот на јавни обвинители не дадоа индивидуални образложенија за нивните гласови, особено кога се разгледуваа повеќе кандидати. Исто така, неколку члена на Советот се воздржаа од гласање за одредени предложени кандидати без да дадат образложение. Ваквото отсуство на јасно образложение остава простор за произволно толкување на нивните постапки, особено ако се има предвид дека начинот на гласање не е регулиран во Деловникот за работа на Советот на јавни обвинители.[90] Образложението за одлуките за гласање е од суштинска важност, особено кога неизбраните кандидати немаат право на приговор, како што е уредено во постапката за избор на членовите на Советот на јавни обвинители и на ОЈОГОКК.[91] Исто така, не беа достапни сите кандидатски листи на интернет-страницата на Советот, што има импликации по прашањето на транспарентноста. Сепак, вреди да се истакне дека сите членови на Советот гласаа за сите кандидати, дури и ако некои кандидати веќе ги имаа добиено потребните гласови за да бидат избрани.[92]

---

82 „Објавување на ранг-листата со конечни резултати од полагањето на завршниот испит во Академијата за судии и јавни обвинители за седмата генерација слушатели на почетна обука и Конечната ранг-листа на кандидати за судии и јавни обвинители“, ***официјална интернет-страница на Академијата за судии и обвинители „Павел Шатев“***, 20 февруари 2023, https://bit.ly/3KhfOul.

83 „Соопштение од 450. седница на Судскиот совет на РСМ – 25.07.2023 година“, ***официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија***, https://bit.ly/3FgKmKV.

84 Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 73/2023.

85 Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 112/2023.

86 „Соопштение од 455. седница на Судскиот совет на РСМ – 26.09.2023 година“, ***официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија***, https://bit.ly/3PWNRfz.

87 Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 168/2023.

88 Придонес кон овој квартален извештај од Коалицијата „Сите за правично судење“.

89 „Одлука за избор на два јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, два јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје, три јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје, основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кавадарци, пет јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Скопје“ (Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 12 јули 2023), https://bit.ly/3t4t7cD.

90 „Реакција по повод избори на два члена на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите и изборот на јавни обвинители од Советот на јавни обвинители на РСМ“.

91 Ибид.

92 Ибид.

## Квалитет на правдата

По донесувањето на новиот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители,[93] во август 2023 година Академијата го донесе новиот Статут.[94] Потоа, во септември 2023 година беше утврден новиот Правилник за приемен испит, со што се отвора патот за следните фази од приемниот испит за слушателите од деветтата генерација за почетна обука.[95]

Сепак, поради доцнење во спроведувањето на ревидираните постапки за приемниот испит усогласени со новиот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители, психолошкиот тест за кандидатите од деветтата генерација беше презакажан двапати во септември 2023 година.[96] Првично беше планиран за петти и шести септември 2023 година,[97] но датумите беа преместени на 23 и 24 септември 2023 година.[98] По второто презакажување, психолошкиот тест се очекува да се случи во октомври 2023 година.[99]

Во септември 2023 година, директорката на АСЈО презеде нова улога како член на Консултативното тело на Академијата за европско право (ЕРА). Оваа институција игра клучна улога во унапредувањето на професионалната судска обука, особено во контекст на прашањата поврзани со ЕУ. Во иднина, таа ќе се сосредоточи на подобрување и на унапредување на судското образование во земјите од западниот Балкан.[100]

93 „Закон за Академија за судии и јавни обвинители“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 129/2023.

94 „Статут на Академијата за судии и јавни обвинители“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 172/2023.

95 „Известување за усвојување на нов Правилник за полагање на приемен испит во Академијата за судии и јавни обвинители“, ***официјална*** интернет-***страница на Академијата за судии и обвинители „Павел Шатев“***, 19 септември 2023, https://bit.ly/45suJKQ.

96 „Известување за одложување на полагањето на психолошкиот тест“, ***официјална*** интернет-***страница на Академијата за судии и обвинители „Павел Шатев“***, 22 септември 2023, https://bit.ly/46OWHSb.

97 „Временска динамика за спроведување на приемниот испит за прием на 130 слушатели во почетна обука за IX генерација слушатели на почетна обука“ (Академијата за судии и обвинители „Павел Шатев“, јули 2023), https://bit.ly/3Q0SC6q.

98 „Известување за одложување на полагањето на психолошкиот тест“.

99 Ибид.

100 „Директорката на Академијата е нов член на Консултативното тело (Board of Trustees) на Академијата за европско право (ЕРА)“, ***официјална*** интернет-***страница на Академијата за судии и обвинители „Павел Шатев“***, 19 септември 2023, https://bit.ly/48Y0Bd6.

## Ефикасност

На шести јули 2022 година јавно беше објавена првостепената пресуда за предметот „Софтвери", со која обвинетите беа прогласени за виновни и беа осудени со затворски казни од три до осум години. Еден обвинет беше ослободен од едно од обвиненијата.[101]

Потоа, на 19 јули 2023 година Советот на јавни обвинители донесе одлука за реорганизација на бројот на јавни обвинители во дванаесет јавни обвинителства,[102] со што ќе се зголеми бројот на вработени во некои основни јавни обвинителства.[103]

Несогласувањата и одбивањето на барањето за пренамена на средства од Судскиот буџетски совет[104] резултираше со генерален штрајк на судската[105] и јавнообвинителската служби[106] на 28 септември 2023 година. Штрајкот, предводен главно од Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани на Македонија (УПОЗ) се води од барањата за зголемување на платите за 78% и враќање на додатоците на плата од 35%.[107]

По извештајот на Судскиот совет што укажува дека разрешувањето на јавните обвинители придонесува за одолжување[108] на судските постапки, јавниот обвинител на Република Северна Македонија побара детален извештај за одложувањата на рочиштата и оправдувањата за отсуствата на обвинителите.[109] Јавниот обвинител предупреди и за потенцијални дисциплински постапки против обвинителите со повеќекратни неоправдани отсуства.[110]

101 „Пресуда за 'Софтвери': Осум години затвор за Рашковски", ***360 степени***, 6 јули 2023, https://360Stepeni.mk/presuda-za-softveri-osum-godini-zatvor-za-rashkovski/.

102 „Соопштение за 83. седница на Советот на јавни обвинители на 19 јули 2023", ***официјална интернет-страница на Советот на обвинители на Република Северна Македонија***, https://bit.ly/3M3BPhY.

103 За два во основните јавни обвинителства во Штип, Битола, Гостивар, Тетово и Кичево и за еден во основното јавно обвинителство во Струмица, Гевгелија, Прилеп, Охрид, Струга, Кавадарци и Радовиш. Придонес кон овој квартален извештај од Коалицијата „Сите за правично судење".

104 На седницата одржана на 07.07.2023 година, Судскиот буџетски совет донесе одлука за обезбедување средства за исплата на додатоците на плата за јуни 2023 година во висина од 15% за судските службеници и вработените во Судскиот совет и во Академијата за судии и јавни обвинители. Но, Министерството за финансии извести дека нема фискален простор за исплата на додатоци на плата за јуни, со образложение дека согласно прописите од буџетското работење не треба да се преземаат обврски над лимитот на одобрените средства од буџетот. „Известување од Министерство за финансии", 11 јули 2023, https://bit.ly/48RsOCs.

105 „Судската служба, повторно на улица", ***официјална интернет-страница на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани (УПОЗ)***, 29 септември 2023, https://www.upoz.org.mk/mk/novosti/368-sudskata-sluzba-povtorno-na-ulica.

106 „Започнат штрајк во јавните обвинителства", ***официјална интернет-страница на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани (УПОЗ)***, 29 септември 2023, https://www.upoz.org.mk/mk/novosti/367-zapocnat-strajk-vo-javnite-obvinitelstva.

107 „Или повисоки плати или штрајк – вработените во Обвинителствата и судовите со ултиматум", ***Телевизија Телма***, 19 септември 2023, https://telma.com.mk/2023/09/19/ili-povisoki-plati-ili-shtrajk-vrabotenite-vo-obvinitelstvata-i-sudovite-so-ultimatum/.

108 На барање на јавниот обвинител во септември 2023 година, предмети како што се „Таргет-Тврдина" и „Трезор" беа одложени. Ивана Петковска, „Мониторинг бриф: Актуелни високопрофилирани судски постапки" (Коалиција „Сите за правично судење", септември 2023),
https://drive.google.com/file/d/1IHb3lgJOVkHWwaRAhfVUr2n95CJ2d7Mp/view?fbclid=IwAR31YcLwkZflS9Ndm3HAjF_ekrSOMJKuokD24EAzm2BAb3a0NyZI1y1_vO0.

109 „Јавниот обвинител на РСМ испрати писмено барање до Судскиот совет", ***официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија***, 1 септември 2023, https://jorm.gov.mk/javniot-obvinitel-na-rsm-isprati-pismeno-barane-do-sudskiot-sovet/.

110 Ибид.

На 12 јули 2023 година, министерот за правда до Уставниот суд поднесе дваесет иницијативи за оценување на уставноста на прописите објавени без да се запази седумдневниот уставен рок.[111] Но, на 27 септември 2023 година, Уставниот суд го поништи упатството[112] донесено од Министерството поради непочитување на уставниот рок за негово објавување.[113] Министерот за правда размислува повторно да го донесе упатството и покрај одлуката на Судот,[114] особено во врска со графата „националност“ на изводите, за која имаше приговори од стручната јавност[115] и некои партии[116] заради упад во чувствителни заштитени податоци.

111 „Лога достави иницијативи до Уставен суд за прописи за кои не е почитуван уставниот рок за објавување во Службен весник“, ***официјална интернет-страница на Министерството за правда***, 12 јули 2023, https://www.pravda.gov.mk/vest/6572.

112 „Упатство за изменување и дополнување на упатството за начинот на водење, заштита и чување на матичните книги и списи, издавање на изводи, уверенија, преписи и копии врз основа на матичните книги, водење постапка и составување на записник за најдено дете, обновување на уништени, оштетени или исчезнати матични книги, како и за обрасците на матичните книги, регистарот на матичните книги, изводите и уверенијата што се издаваат врз основа на матичните книги“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 125/2023.

113 „Одлука У. бр. 89/2023“, ***официјална интернет-страница на Уставниот суд на Република Северна Македонија***, 27 септември 2023, https://ustavensud.mk/?p=24803.

114 „Лога најави дека повторно ќе го донесе Упатството за водење на матични книги“, ***МИА – Медиумска информативна агенција***, 28 септември 2023, https://bit.ly/3Qmvm4f.

115 „Добра вест од Уставниот суд“, ***официјален профил на „Фејсбук“ на Рената Десковска***, 4 јули 2023, https://bit.ly/45Ir0sU.

116 „Уставен суд утре ќе расправа по иницијативата на Левица за Законот за матична евиденција за внесување на националност во матичните книги“, ***Фокус***, 18 јули 2023, https://fokus.mk/ustaven-sud-utre-ke-rasprava-za-initsijativata-na-levitsa-za-zakonot-za-matichna-evidentsija-za-vnesuvane-na-natsionalnost-vo-matichnite-knigi/.

# Борба против корупција

## Државна комисија за спречување на корупција

На почетокот на јули, истакната австриска инвестициска фирма објави јавна продажба на 90% од своите акции во „Соравија инвест“ ДОО и „Соравија менаџмент“ ДОО на албански и македонски компании.[117] Загриженоста за потенцијална трговија со влијание се појави поради тоа што сопственикот на македонската компанија е внук на лидерот на политичката партија ДУИ.[118] ДКСК изјави дека не може да го истражи делот поврзан со сопственоста, но дека ќе се испитаат наводите за злоупотреба на политичко влијание поврзано со трансфери на државни средства преку Фондот за иновации и технолошки развој на сметката на компанијата.[119]

Како одговор, ОЈОГОКК ја објави својата намера да го истражи случајот во соработка со институциите одговорни за финансиска контрола.[120]

Кон крајот на август се појавија сомневања во постапка за јавни набавки. Компанијата избрана за адаптација на изнајмена сала за министерската конференција на ОБСЕ во декември имала блиски политички врски со ДУИ, чиј член е министерот за надворешни работи.[121] Министерството за надворешни работи (МНР) го бранеше својот избор, повикувајќи се на конкурентните цени на компанијата.[122] За да одговори на загриженоста за политичко влијание, ДКСК иницираше истрага,[123] а МНР им ја достави документацијата од набавката на ДКСК и на ОЈОГОКК.[124]

ДКСК, исто така, утврди дека ДУИ ги прекршила законите за финансирање на кампањите со тоа што во 2022 година прифатила прекумерни донации, а вишокот го вратила во јули 2023 година, подоцна од рокот предвиден со закон. Резултатите од истрагата се испратени до Министерството за правда и Државниот завод за ревизија за понатамошно постапување.[125]

---

117 Австриските сопственици на „Соравија“ објавија дека продаваат 90 отсто од акциите на албанската „Пе-вла-ку“ и домашната „Тор индустрис“, ***360 степени***, 22 јуни 2023, https://360Stepeni.mk/avstriskite-sopstvenitsi-na-soravia-objavija-deka-prodavaat-90-otsto-od-aktsiite-na-albanskata-pe-vla-ku-i-domashnata-tor-industris/.

118 „Внук на Али Ахмети е сопственик на една од компаниите која го купува Бизнис-центарот ’Соравија‘“, ***360 степени***, 22 јуни 2023, https://360Stepeni.mk/vnuk-na-ali-ahmeti-e-sopstvenik-na-edna-od-kompaniite-koja-go-kupuva-biznis-tsentarot-soravia/.

119 „Антикорупциска ќе ги стави ’на тапет‘ внуците на Ахмети“, ***360 степени***, 3 јули 2023, https://360Stepeni.mk/antikoruptsiska-ke-gi-stavi-na-tapet-vnutsite-na-ahmeti/.

120 „Обвинителството на Ислам Абази ќе ја истражува купопродажбата на ’Соравија‘“, ***Нетпрес***, 5 јули 2023, https://netpress.com.mk/obvinitelstvoto-na-islam-abazi-e-a-istrazhuva-kupoprodazhbata-na-soravi-a/.

121 „Фирма блиска до ДУИ победи на тендер за адаптација на салата ’Борис Трајковски‘, од МНР велат ја избрале најевтината понуда“, ***360 степени***, 27 август 2023, https://360Stepeni.mk/firma-bliska-do-dui-pobedi-na-tender-za-adaptatsija-na-salata-boris-trajkovski-od-mnr-velat-ja-izbrale-najevtinata-ponuda/.

122 „МНР ги отфрла како тенденциозни и шпекулативни тврдењата за политичко влијание при изборот на фирма за реконструкција на СЦ ’Борис Трајковски‘“, ***360 степени***, 28 август 2023, https://360Stepeni.mk/mnr-gi-otfrla-kako-tendentsiozni-i-shpekulativni-tvrdenata-za-politichko-vlijanie-pri-izborot-na-firma-za-rekonstruktsija-na-sts-boris-trajkovski/.

123 „ДКСК ќе отвори предмет за ’Еуровија‘ – фирмата што го доби тендерот од МНР за адаптација на салата ’Борис Трајковски‘“, ***360 степени***, 29 август 2023, https://360Stepeni.mk/dksk-ke-otvori-predmet-za-eurovia-firmata-shto-go-dobi-tenderot-od-mnr-za-adaptatsija-na-salata-boris-trajkovski/.

124 „МНР ја достави целосната документација за реконструкцијата на салата ’Борис Трајковски‘ до ДКСК и ОЈО-ГОКК“, ***360 степени***, 1 септември 2023, https://360Stepeni.mk/mnr-ja-dostavi-tselosnata-dokumentatsija-za-rekonstruktsijata-na-salata-boris-trajkovski-do-dksk-i-ojo-gokk/.

125 „ДКСК: ДУИ го прекршила законот – примила повисоки донации од дозволените, а вишокот го вратила надвор од законскиот рок“, ***360 степени***, 11 септември 2023, https://360Stepeni.mk/dksk-dui-go-prekrshila-zakonot-primila-povisoki-donatsii-od-dozvolenite-a-vishokot-go-vratila-nadvor-od-zakonskiot-rok/.

Продолжи подготвителната работа за спорниот проект на Коридорот 8 и 10 на „Бехтел и Енка“,[126] вклучувајќи го и саемот за вработување на средината на август и почетокот на изградбата на средината на септември.[127]

Кон крајот на септември, ДКСК извести за тековната истрага во врска со купување лиценци од страна на Владата од компанија поврзана со премиерот. Ова следуваше по анонимната пријава за договор меѓу генералниот секретаријат на Владата и „Мајкрософт“ за лиценци и услуги во вредност од приближно 26 милиони евра.[128]

Градоначалникот на Струга се соочи со американски санкции за наводна корупција од висок профил,[129] поради што беа иницирани неколку истраги за корупција од страна на ДКСК.[130] Една од нив доведе до кривична постапка против градоначалникот, вработени во општината, геодетска фирма и вештаци за продажба на државен имот во Струга, поради сомнежи за перење пари и поткуп.[131]

На средината на јули, ДКСК и ЈОРСМ се сретнаа за да ја зајакнат соработката и поефикасно да се борат против корупцијата.[132] Потоа, ДКСК го истражуваше случајот „Труст“, при што откри многубројни неправилности и злоупотреби во правниот систем.[133] ДКСК поднесе иницијатива до ЈОРСМ за испитување на намерно оштетување на доверителите преку фалсификување документација и други прекршоци.[134]

Кон крајот на јули, ДКСК постигна договор со Централниот депозитар за хартии од вредност за електронска размена на податоци, со што ќе се подобри ефикасноста во следењето на имотната состојба и интересите.[135]

Дополнително, ДКСК разви систем за е-учење согласно меморандумот за соработка со МИОА за едукација и унапредување капацитети за борба и спречување корупција на јавните службеници и заинтересираните поединци.[136]

---

126 „(ВИДЕО) Потпишан договорот со ʼБехтел и Енкаʻ за коридорите 8 и 10-д: За Владата ова е историски проект“, ***360 степени***, 8 март 2023, https://360Stepeni.mk/video-potpishan-dogovorot-so-behtel-i-enka-za-koridorite-8-i-10-d-za-vladata-ova-e-istoriski-proekt/.

127 „ʼБехтел и Енкаʻ почна со градежните работи на Коридорот 8“, ***360 степени***, 12 септември 2023, 8, https://360Stepeni.mk/behtel-i-enka-pochna-so-gradezhnite-raboti-na-koridorot-8/.

128 „Антикорупциска отвори предмет во врска со набавката на лиценци од страна на Владата“, ***360 степени***, 19 септември 2023, https://360Stepeni.mk/antikoruptsiska-otvori-predmet-vo-vrska-so-nabavkata-na-litsentsi-od-strana-na-vladata/.

129 „Мерка за Мерко – непожелен во САД, прв на проширената ʼцрна листаʻ“, ***slobodnaevropa.mk***, 21 јуни 2023, https://bit.ly/3JIaXD7.

130 Ибид.

131 „ДКСК иницира кривична постапка против Мерко, заверил фалсификуван документ за отуѓување државно земјиште во Струга“, ***360 степени***, 11 септември 2023, https://360Stepeni.mk/dksk-initsira-krivichna-postapka-protiv-merko-zaveril-falsifikuvan-dokument-za-otuguvane-na-drzhavno-zemjishte-vo-struga/.

132 „Интензивирање на соработката меѓу ДКСК и Јавното обвинителство“, ***официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупција***, 17 јули 2023, https://bit.ly/3Mqx7v9.

133 „Антикорупциска го одмота клопчето на Сеад Кочан, ʼТрансметʻ и ʼПуцко Петролʻ, државата оштетена за милионски суми, вмешани обвинители, судии, нотари, извршители и проценители“, ***Слободен печат***, 19 јули 2023, https://www.slobodenpecat.mk/antikorupciska-go-odmota-klopcheto-na-sead-kochan-transmet-i-pucko-petrol-drzhavata-oshtetena-za-milionski-sumi-vmeshani-obviniteli-sudii-notari-izvrshiteli-i-proceniteli/.

134 „Антикорупциска го одмота клопчето на Сеад Кочан, ʼТрансметʻ и ʼПуцко Петролʻ, државата оштетена за милионски суми, вмешани обвинители, судии, нотари, извршители и проценители“, Слободен печат, 19 јули 2023, https://www.slobodenpecat.mk/antikorupciska-go-odmota-klopcheto-na-sead-kochan-transmet-i-pucko-petrol-drzhavata-oshtetena-za-milionski-sumi-vmeshani-obviniteli-sudii-notari-izvrshiteli-i-proceniteli/.

135 „ДКСК електронски ќе добива податоци од Централниот депозитар за хартии од вредност“, ***официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупција***, 26 јули 2023, https://bit.ly/48OMIOF.

136 „Државната комисија за спречување на корупцијата разви систем за е-учење достапен за сите граѓани и вработените во јавниот сектор“, ***официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупција***, 10 август 2023, https://bit.ly/46ycJjs.

## Јавно обвинителство

Измените во Кривичниот законик беа ставени на тест во неколку истакнати случаи на корупција. Јавната обвинителка на неодамнешното рочиште за случајот „Титаник“[137] избра да не се повикува на застареноста на обвиненијата за злосторничко здружување против обвинетите.[138] Наместо тоа, таа во својот завршен збор посочи намера да го повлече обвинението за тоа кривично дело. Воедно, судењето би продолжило поради другите обвиненија против обвинетите кои не се застарени. Слично на тоа, судењето за случајот „Траекторија“ следеше сличен тек, при што главната расправа беше без упатување на измените на Кривичниот законик ниту од јавниот обвинител, ниту од одбраната.[139] Спротивно на тоа, јавните обвинители во случајот „Таргет-Тврдина“ побараа одложување на судењето за да го анализираат влијанието на измените врз правната квалификација на кривичните дела со кои се соочени обвинетите.[140]

Пред измените на Кривичниот законик се случија одредени настани во предметите на корупција од висок профил. Во случајот „Титаник“, поранешниот министер за транспорт и врски доби затворска казна од три години и шест месеци откако единствено тој поднесе жалба и доби затворска казна, додека другите добија условни казни.[141] Во случајот „Софтвери“, поранешниот генерален секретар на Владата беше осуден на осум години затвор.[142]

Краткиот филм насловен „Убиство во Тетово“, изработен од Истражувачката репортерска лабораторија (ИРЛ), откри дека првиот тендер за избор на изведувач на модуларни болници за време на пандемијата на КОВИД-19 бил поништен поради сомневање за процедурални недоследности и фаворизирање. Владата тогаш набавката му ја доверила на Министерството за здравство. Документите презентирани во филмот сугерираат дека и Министерството за здравство и избраниот изведувач биле запознаени со супстандардните објекти, кои подоцна изгореа.[143] ЈОРСМ предупреди на ширење на потенцијално лажни информации за пожарот во болницата. Апелираше на одговорно новинарство поради тековните жалби и отворените предмети на кои можат да се одразат негативно.[144] Во меѓувреме, Платформата за борба против корупцијата повика на оставка на јавниот обвинител на Република Северна Македонија, повикувајќи се на сомневањата што ги иницираше филмот дека истрагата на јавното обвинителство можеби не е темелна и дека заклучоците од вештачењата не се соодветно разгледани.[145]

137 „Измените на Кривичниот законик денеска на тест на рочиштето за ’Титаник‘“, ***Телевизија Телма***, 18 септември 2023, https://telma.com.mk/2023/09/18/izmenite-na-krivichniot-zakonik-deneska-na-test-na-rochishteto-za-titanik/.

138 „Обвинителката во ’Титаник‘ во завршен збор ќе го повлече обвинението за злосторничко здружување, судењето продолжува зашто обвинетите одговараат и за други кривични дела што не застаруваат“, ***Телевизија Телма***, 18 септември 2023, https://telma.com.mk/2023/09/18/obvinitelkata-lile-stefanova-treba-da-konstatira-zastareno-delo-za-gruevski-i-bozhinovski-vo-titanik/.

139 „Додека се чека Обвинителството да каже што по измените на КЗ, судските процеси течат со различен ритам“, ***360 степени***, 22 септември 2023, https://360Stepeni.mk/dodeka-se-cheka-obvinitelstvoto-da-kazhe-shto-po-izmenite-na-kz-sudskite-protsesi-techat-so-razlichen-ritam/.

140 „’Таргет-Тврдина‘ се одложи додека обвинителите анализираат кои дела застаруваат, а кои остануваат“, ***Телевизија Телма***, 19 септември 2023, https://telma.com.mk/2023/09/19/target-tvrdina-se-odlozhi-dodeka-obvinitelite-analiziraat-koi-dela-zastaruvaat-a-koi-ostanuvaat/.

141 „Поранешниот министер Јанакиески замина во ’Идризово‘ со спакувани торби на грб и под седативи“, ***mkd.mk***, 6 јули 2023, https://mkd.mk/node/519894.

142 „Рашковски осуден на осум години казна затвор“, ***Макфакс***, 6 јули 2023, https://bit.ly/3FkYi6C.

143 „Документарецот на ИРЛ повторно го распламте огнот за трагедијата во модуларната болница во Тетово“, ***360 степени***, 14 август 2023, https://360Stepeni.mk/video-dokumentaretsot-na-irl-povtorno-go-rasplamte-ognot-za-tragedijata-vo-modularnata-bolnitsa-vo-tetovo/.

144 „ЈО за аудиоснимката од ИРЛ: Итно да престане злоупотребата на овој процес, лага е дека била прикриена експертизата од германските стручни лица“, ***360 степени***, 18 август 2023, https://360Stepeni.mk/jo-za-audiosnimkata-od-irl-itno-da-prestane-zloupotrebata-na-ovoj-protses-laga-e-deka-bila-prikriena-ekspertizata-od-germanskite-struchni-litsa/.

145 „Платформата за борба против корупција бара оставка од јавниот обвинител Љубомир Јовески“, ***ТВ 21***, 17 август 2023, https://mk.tv21.tv/platformata-za-borba-protiv-koruptsija-bara-ostavka-od-javniot-obvinitel-lubomir-joveski/.

На почетокот на септември, ЈОРСМ потпиша декларација за формирање на регионалната компонента на GlobE – Глобална оперативна мрежа на антикорупциски органи, во која се и антикорупциските тела од Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Република Северна Македонија и Србија. Учеството во оваа мрежа е значајно за поттикнување размена на искуства и меѓународна соработка во гонењето на случаи на корупција.[146]

## Правна рамка

На почетокот на септември итно се состана собраниска комисија за да расправа за предложените измени и дополнувања на Кривичниот законик, со кои се бараше намалување на казните за злоупотреба на службената положба и овластувања и за злосторничко здружување.[147] Предлогот предизвика загриженост поради забрзаната постапка и употребата на европското знаменце без да се дозволи сеопфатен јавен дискурс, експертска дебата или анализа на потенцијалните последици.[148] ГО исто така предупредија дека ваквите законски измени сериозно можат да ја поткопаат борбата против организираниот криминал и корупцијата, зголемувајќи ја можноста за неказнивост на прекршителите.[149]

Овие измени и дополнувања[150] поттикнаа сериозна загриженост за нивното влијание врз тековните случаи на корупција од висок профил, вклучувајќи ги „ТНТ“, „Талир“, „Талир 2“, „Таргет-Тврдина“, „Трезор“, „Топлик“ и „Титаник“. Некои кривични обвиненија ќе бидат целосно запрени, додека постапките за други обвиненија ќе продолжат.[151] Дури и по донесувањето на измените[152] загриженоста остана. ЕК изрази вознемиреност поради брзото донесување на измените и дека притоа се користело европското знаменце.[153] Врховниот суд издаде и соопштение во кое укажува дека не го добиле конечниот текст на измените пред нивното донесување,[154] што е во спротивност со заложбата за транспарентно и реформски-ориентирано законодавство во согласност со европските стандарди.[155] Политичката партија Демократски сојуз поднесе иницијатива до Уставниот суд со која

146 „Јавното обвинителство – потписник на Декларацијата за формирање на регионална компонента на GlobE – мрежата за Западен Балкан“, ***официјална*** интернет-***страница на Јавното обвинителство на*** Република Северна Македонија, 5 септември 2023, https://jorm.gov.mk/javnoto-obvinitelstvo-potpisnik-na-deklaraczijata-za-formirane-na-regionalna-komponenta-na-globe-mrezha-ta-za-zapaden-balkan/.

147 „Итно свикана собраниска комисија, се туркаат измени на Кривичниот законик со ’европско знаме‘!“, ***Фокус***, 5 септември 2023, https://fokus.mk/itno-svikana-sobraniska-komisija-se-turkaat-izmeni-na-krivichniot-zakonik-so-evropsko-zname/.

148 „Соопштение“, ***официјална*** интернет-***страница на Државната комисија за спречување на корупција***, 7 септември 2023, https://bit.ly/3Fc3LMQ.

149 „Блупринт групата реагира против измените на Кривичниот законик по скратена постапка“, ***официјална*** интернет-***страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија***, 6 септември 2023, https://mhc.org.mk/news/bluprint-grupata-reagira-protiv-izmenite-na-krivichniot-zakonik-po-skratena-postapka/.

150 „Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 188/2023.

151 „Измените во КЗ носат застарување на дела во ’Таргет-Тврдина‘, ’Титаник‘, ’ТНТ‘, ’Талир‘, ’Траекторија‘, ’Тендери‘...“, ***360 степени***, 7 септември 2023, https://360Stepeni.mk/izmenite-vo-kz-nosat-zastaruvane-na-dela-vo-target-tvrdina-titanik-tnt-talir-traektorija-tenderi/.

152 „Денеска на сила стапуваат измените на Кривичниот законик“, ***Канал 5***, 14 септември 2023, https://kanal5.com.mk/denes-ka-na-sila-stapuvaat-izmenite-na-krivichniot-zakonok/a600436.

153 „Европската комисија е загрижена поради измените на Кривичниот законик“, ***slobodnaevropa.mk***, 12 септември 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32589801.html.

154 „ДКСК не е единствена, ниту Врховен суд не добил финална верзија на измените на КЗ“, ***Телевизија Телма***, 13 септември 2023, https://telma.com.mk/2023/09/13/dksk-ne-e-edinstvena-nitu-vrhoven-sud-ne-dobil-finalna-verzija-na-izmenite-na-kz/.

155 „Врховниот суд: Донесувањето на законски измени без транспарентен процес е спротивно на европските стандарди“, ***akademik.mk***, 13 септември 2023, https://akademik.mk/vrhovniot-sud-donesuvaneto-na-zakonski-izmeni-bez-transparenten-prot-ses-e-sprotivno-na-evropskite-standardi/.

бара преиспитување на измените на Кривичниот законик и бара привремена мерка за одложување на нивната примена до донесување на конечна одлука.[156]

Беше откриена правна дупка при донесувањето на новата регулатива на ЕУ за подароци, услуги и стока прифатени од комесари. На Република Северна Македонија ѝ недостигаат механизми за задолжителна идентификација и контрола на подароците што ги добиваат избраните и именуваните функционери. Заменичката на претседателот на Владата задолжена за политики за добро владеење истакна дека засега ниту еден функционер не пријавил подарок со вредност поголема од дваесет евра, како што е наведено во Етичкиот кодекс на министрите. Сепак, заменичката на претседателот на Владата задолжена за политики за добро владеење истакна дека скапите подароци, услуги и стока можат да поттикнат корупција и договарања меѓу компаниите и службениците.[157]

156 „Трајанов ги оспори измените на КЗ пред Уставниот суд: Ова е амнестија на функционери, а пред Уставот сите сме еднакви", ***Слободен печат***, 19 септември 2023, https://www.slobodenpecat.mk/trajanov-gi-ospori-izmenite-na-kz-pred-ustavniot-sud-ova-e-amnestija-na-funkcioneri-a-pred-ustavot-site-sme-ednakvi/.

157 „Во Македонија нема дефиниција што значи подарок за службено лице", ***Алсат М***, 13 септември 2023, https://alsat.mk/mk/vo-makedonija-nema-definitsija-shto-znachi-podarok-za-sluzhbeno-litse/.

# Темелни права

## Судска практика на Европскиот суд за човекови права

На средината на јули, Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) донесе пресуда за случајот Д.Х. и другите против Република Северна Македонија. Барателите поединечно побараа ревизија на законитоста на нивниот притвор, тврдејќи дека биле неосновано приведени, дека недостигале информации за нивното приведување, отсуство на службена белешка за одземените предмети, одбивање на основните потреби како храна, вода и пристап до тоалет, отсуство на медицинска грижа и неовластено земање примероци од крв. ЕСЧП утврди повреда на член 3 од ЕКЧП поради отсуство на суштински одредби за храна и хигиена и повреда на член 8 од ЕКЧП што произлегува од објавувањето на фотографиите на барателите од страна на МВР. Како резултат на тоа, на државата ѝ беше наложено на секој барател да му исплати надоместок во износ од 3.300 евра за нематеријална штета.[158]

## Народен правобранител

Канцеларијата на Народниот правобранител изрази загриженост во врска со барањето за обновување на личните документи во согласност со одредбите од Договорот од Преспа. Поточно, сите постојни лични документи што го носат поранешното име на државата „Република Македонија" ќе станат неважечки по крајниот рок на 12 февруари 2024 година. Како резултат на тоа, сите граѓани мораат да извадат нови лични документи на кои стои името „Република Северна Македонија" од МВР пред наведениот датум. Овој процес наметнува значителен финансиски товар, кој се проценува на приближно 180 евра за четиричлено семејство од две возрасни и две малолетни лица.[159] До канцеларијата на Народниот правобранител пристигнале многубројни претставки од граѓани кои наишле на тешкотии при вадењето на нови лични документи поради предизвиците при закажување термини и финансиски товар. Следствено, Народниот правобранител забележа превид од страна на државата во однос на задоцнетото издавање на личните документи со новото уставно име. Тој ја повика владата да ја истражи можноста за покривање на трошоците поврзани со издавањето лични карти, имајќи ја предвид обврската граѓаните да поседуваат важечки документи за идентификација.[160]

158 ЕСЧП, „Случај Д.Х. и други против Северна Македонија" (А. бр. 44033/17, 18 јули 2023), https://bit.ly/3LBRUv2.

159 „По 12 февруари, сите лични документи со Република Македонија, нема да важат", ***slobodnaevropa.mk***, 21 јули 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/po-12-ti-fevruari-site-lichni-dokumenti-so-republika-makedonija-nema-da-vazhat-/32511795.html.

160 „Зибери: Владата уште еднаш да ја разгледа можноста за покривање на трошоците за личните карти", ***360 степени***, 24 август 2023, https://360Stepeni.mk/ziberi-vladata-ushte-ednash-da-ja-razgleda-mozhnosta-za-pokrivane-na-troshotsite-za-lichnite-karti/.

## Затворски и притворски установи

На средината на септември, Министерството за правда (МП) претстави нов предлог-закон за амнестија, чија цел е да се одобри предвремено ослободување на затворениците осудени за помалку сериозни дела.[161] Предлог-законот има цел да го реши проблемот со критичната пренатрупаноста во затворите во земјата, загриженост што постојано се истакнува во различни меѓународни извештаи, вклучително и од Советот на Европа. Предложениот закон сугерира целосно ослободување на затворениците кои служат казна до шест месеци, а за оние со казни над шест месеци нивно намалување за 30 отсто.[162] Народниот правобранител изрази поддршка за овој нацрт-закон, нагласувајќи го неговиот потенцијал за ублажување на пренатрупаноста во казнено-поправните установи, особено во затворот „Идризово", каде што можат да се ослободат приближно 250 затвореници, а на 1.200 до 1.400 затвореници може да им се скратат казните, што на крајот ќе доведе до порано ослободување.[163] На 26 септември предлог-законот беше одобрен од Владата, со што премина во собраниска постапка.[164]

На 12 јуни, во Службениот весник на Република Северна Македонија беше објавено дополнување на Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи.[165] Оваа измена овозможува жените кои служат затворски казни да добијат еднакви права и бенефиции како и мажите. Нејзината непосредна примена резултираше со пет барања за бенефиции од осуденички во првите две недели по објавувањето.[166]

На почетокот на септември, случајот со бегството на осуденик од затворот „Идризово" во текот на посета на лекар на 12 јануари 2023 година[167] доби правно разрешување. Командирот за надворешно обезбедување и тројца полициски службеници кои беа прогласени за виновни за незаконско пуштање лице лишено од слобода согласно член 373 од Кривичниот законик го признаа делото. Следствено, тие добија затворски казни од три години, една година и шест месеци, односно условна казна.[168]

161 „Правда го подготви предлог-законот за амнестија: Сторителите на лесни кривични дела ќе се ослободат од затвор или ќе добијат помали казни", ***360 степени***, 13 септември 2023, https://360Stepeni.mk/pravda-go-podgotvi-predlog-zakonot-za-amnestija-storitelite-na-lesni-krivichni-dela-ke-se-oslobodat-od-zatvor-ili-ke-dobijat-pomali-kazni/.

162 „Лога: Состојбата во затворите е алармантна, ги замолувам сите политички партии да го поддржат предлог-законот за амнестија", ***360 степени***, 14 септември 2023, https://360Stepeni.mk/loga-sostojbata-vo-zatvorite-e-alarmantna-gi-zamoluvam-site-politichki-partii-da-go-poddrzhat-predlog-zakonot-za-amnestija/.

163 „Амнестијата не е за ослободување тешки криминалци, туку за ублажување на состојбата во затворите, смета Народниот правобранител", ***360 степени***, 14 септември 2023, https://360Stepeni.mk/amnestijata-ne-e-za-osloboduvane-teshki-kriminaltsi-tuku-za-ublazhuvane-na-sostojbata-vo-zatvorite-smeta-narodniot-pravobranitel/.

164 „Законот за амнестија го помина владиниот филтер, утре влегува во собраниска процедура", ***Канал 5***, 26 септември 2023, https://kanal5.com.mk/zakonot-za-amnestija-go-pomina-vladiniot-filter-utre-vleguva-vo-sobraniska-procedura/a602552.

165 „Правилник за дополнување на правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 120/2023.

166 „По скоро три години, Јанкулоска за првпат на викенд отсуство – пет жени излегоа од 'Идризово' со измената на Правилникот", ***Макфакс***, 1 јули 2023, https://bit.ly/3ZuELtq.

167 „Истрагата за бегството на Мемети сè уште трае, изјави Тупанчески и изрази уверување дека ќе заврши со правен епилог", 30 јануари 2023, https://360Stepeni.mk/istragata-za-begstvoto-na-memeti-se-ushte-trae-izjavi-tupancheski-i-izrazi-uveruvane-deka-ke-zavrshi-so-praven-epilog/.

168 „Командирот и тројца полицајци осудени за бегството на Мемети од затворот 'Идризово'", ***Слободен печат***, 1 септември 2023, https://www.slobodenpecat.mk/komandirot-i-trojca-policajci-osudeni-za-begstvoto-na-memeti-od-zatvorot-idrizovo/.

## Заштита на личните податоци

Како одговор на загриженоста од потенцијална злоупотреба на личните податоци на македонските граѓани, ДКСК иницираше постапка против двајца поранешни директори на Управата за водење на матичните книги (УВМК). Загриженоста се вртеше околу дигитализацијата на обемните архиви во кои има матични книги на родени, умрени и венчани. Во текот на две тендерски постапки беше забележано дека не биле преземени доволно соодветни заштитни мерки за да се заштити приватноста на податоците на граѓаните во текот на скенирањето, контролата, управувањето, преносот и обработката што ги спроведуваат економските оператори ангажирани од УВМК.[169] Посебната истрага спроведена од Агенцијата за заштита на лични податоци (АЗЛП) дополнително открила дека УВМК не ги воспоставила целосно потребните процеси и постапки за да се обезбеди усогласеност со прописите што ја регулираат заштитата на личните податоци, како во однос на управувањето со системот за заштита на личните податоци, така и во однос на обезбедувањето лични податоци вклучени во процесот на дигитализација за регистри што се водат во хартиена или во електронска форма.[170]

Кон крајот на јули, УВМК изрече пет прекршочни санкции во вкупна вредност од 1.318.384 денари по неколку вонредни проверки на финансиска компанија и угостителско-туристичко и трговско претпријатие. Имено, финансиската компанија давала онлајн-заеми на физички лица кои користеле телефонски броеви што не им припаѓале и сето тоа без да го провери нивниот идентитет при поднесување на барањата за кредит. Втората фирма незаконски ги задржала личните карти на гостите и го попречувала спроведувањето на посебните дејства за проверка.[171]

## Слобода на изразување

На почетокот на јули, министерот за информатичко општество и администрација потврди дека се анализираат коментарите и предлозите во однос на предложените измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ). Нацрт-верзијата на амандманите се очекуваше да биде претставена на средината на јули.[172] Особено загрижувачко, како што истакнаа новинарските здруженија, беше дали измените ќе влијаат на член 102 од ЗААВМУ, што потенцијално ќе овозможеше користење на државните средства за кампањи во приватни медиуми. Како реакција, седум новинарски здруженија јавно се изјаснија за својата одлука да не учествуваат во јавните дискусии организирани од МИОА за овој закон. Тие го изразија своето противење на повторното воведување на практиката на трошење државни пари во приватните медиуми, наведувајќи ги искуствата од минатото што имале штетно влијание врз независните уредувачки политики, новинарството и плурализмот на медиумските содржини.[173] На крајот, измените на ЗААВМУ беа донесени во втората половина од јули, но член 102, што ја иницираше дебатата, остана непроменет.[174]

---

169 „Сомнежи за пробиени матични книги и трговија со личните податоци на граѓаните“, ***meta.mk***, 19 јули 2023, https://bit.ly/3tcmoxu.

170 „Информација за вонредната супервизија во Управата за водење на матичните книги“, ***официјална интернет-страница на Агенцијата за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија***, 21 јули 2023, https://bit.ly/3Pya567.

171 „Агенцијата за заштита на личните податоци изрече пет прекршочни санкции во вкупен износ од 1.318.384 денари“, ***официјална интернет-страница на Агенцијата за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија***, 26 јули 2023, https://bit.ly/3RDPvUy.

172 „Алиу: Законот за медиуми ќе го направиме врз основа на забелешките и на она што го велат експертите“, ***Press24.mk***, 3 јули 2023, https://press24.mk/aliu-zakonot-za-mediumi-kje-go-napravime-vrz-osnova-na-zabeleshkite-i-na-ona-shto-go-velat.

173 „Професионалните новинарски и медиумски организации се против владини кампањи во медиумите“, ***официјална интернет-страница на Здружението на новинарите на Македонија***, 19 јули 2023, https://bit.ly/3EPpNVA.

174 „Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 154/2023.

На средината на август се случи вознемирувачки инцидент кога новинарска екипа составена од двајца новинари и сниматели се соочи со вербален и физички напад од сопственик на дуќан во Старата скопска чаршија. Наводно, напаѓачот ѝ се заканил на екипата со остар предмет и физички го нападнал камерманот, нанесувајќи му повеќе повреди.[175] Новинарската екипа веднаш го пријавила инцидентот во МВР.[176] Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) го повика МВР да спроведе брза и ефикасна истрага за нападот.[177] МВР брзо реагираше, идентификувајќи го и приведувајќи го напаѓачот.[178] Потоа, Основното јавно обвинителство Скопје поведе постапка против напаѓачот, која го товари за кривично дело насилство од член 386 од Кривичниот законик.[179]

## Ранливи групи и начело на недискриминација

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) редовно одржува јавни дискусии во општините низ целата земја. Овие собири служат за зајакнување на транспарентноста, поттикнување на свеста за дискриминација на граѓаните и воспоставување на постојана комуникација и механизми за соработка со локалните институции.[180] Од овие дискусии на виделина излегоа неколку прашања. Едно од позначајните е отсуството на пристап за лицата со попреченост, што ги спречува целосно да ги остварат своите граѓански права поради несоодветната инфраструктура. Координацијата меѓу институциите е недоволна, поради што е потребна дополнителна обука за интеракции со лицата со попреченост и зголемени финансиски ресурси за борба против тековната дискриминација.[181]

Друга област каде што пристапноста останува предизвик е високото образование, како што беше откриено во една неодамнешна анализа објавена кон крајот на јули.[182] Оваа студија, спроведена од Здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“, во соработка со Народниот правобранител, идентификуваше неколку недостатоци. Имено, ниту еден факултет не објавува соопштенија и документи во достапни формати, како што се Брајово писмо, аудиозапис или со зголемен текст. Физичкиот пристап до предавалните и библиотеките во многу случаи е ограничен, а 55% од факултетите немаат лифтови. Освен тоа, само 10% од факултетите нудат литература во достапни формати, а јавниот превоз останува недостапен за 40% од студентите со попреченост.[183]

---

175 „Екипа на ТВ 'Алсат' нападната во Скопската чаршија, снимателот се здобил со повеќе повреди“, ***360 степени***, 21 август 2023, https://360Stepeni.mk/ekipa-na-tv-alsat-napadnata-vo-skopskata-charshija-snimatelot-se-zdobil-so-poveke-povredi/.

176 Ибид.

177 „ЗНМ бара итна реакција од МВР за нападот на екипата на ТВ 'Алсат'“, ***360 степени***, 21 август 2023, https://360Stepeni.mk/znm-bara-itna-reaktsija-od-mvr-za-napadot-na-ekipata-na-tv-alsat/.

178 „МВР: Приведен скопјанец кој денеска го нападнал снимателот на ТВ 'Алсат'“, ***360 степени***, 21 август 2023, https://360Stepeni.mk/mvr-priveden-skopjanets-koj-deneska-go-napadnal-snimatelot-na-tv-alsat/.

179 „Поведена постапка за насилство кон новинарска екипа“, ***официјална*** интернет-***страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија***, 22 август 2023, https://jorm.gov.mk/povedena-postapka-za-nasilstvo-kon-novinarska-ekipa/.

180 „Со настан во Кавадарци, продолжуваат отворените средби со граѓаните на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација“, ***официјална*** интернет-***страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација***, 19 септември 2023, https://bit.ly/3PSoQlw.

181 „Судови, општини, министерства и други институции сѐ уште непристапни за лица со попреченост“, ***официјална*** интернет-***страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација***, 24 јули 2023, https://bit.ly/48zYMTQ.

182 „Презентација на клучните наоди од анализата за пристапноста до високо образование за лицата со попреченост“, ***официјална*** интернет-***страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација***, 25 јули 2023, https://bit.ly/3PXwuvb.

183 „Високото образование е недостапно за многу лица со попреченост во земјава, не се запишуваат на факултет бидејќи нема соодветен пристап“, ***Слободен печат***, 21 јули 2023, https://www.slobodenpecat.mk/visokoto-obrazovanie-e-nedostap-no-za-mnogu-lica-so-poprechenost-vo-zemjava-ne-se-zapishuvaat-na-fakultet-bidejkji-nema-soodveten-pristap/?fbclid=PAAaZeM7O-Di5DoI-W2lTfiwRnvu7Ve07UqXWB1mIa_quO_yH_by7utRczysxo.

Во однос на учебниците за новата учебна година, министерот за образование и наука најави обезбедување на најголем дел од учебниците во основните училишта, но се очекува доцнење за некои одделенија.[184] Набљудувањето на состојбата од страна на КСЗД покажа дека на почетокот на учебната година недостигаат 34% од потребните учебници за деветгодишното основно образование.[185] Оваа ситуација претставува постојана повреда на правото на еднаков пристап до квалитетно образование и евентуално може да доведе до судска постапка.[186]

На средината на август, Сојузот на здруженија на дијабетичари на Македонија обелодени недостиг од есенцијални продукти, како што се ленти, игли, сензори и апарати за мерење шеќер во крвта, што ги засега повеќе од 130.000 дијабетичари во земјава.[187] Подоцна, Сојузот објави некои подобрувања во достапноста на антидијабетична терапија и инсулински игли.[188] Во исто време, министерот за здравство истакна дека на пат е соодветно снабдување со ленти за мерење шеќер во крвта.[189] Сепак, по разговорите со Министерството за здравство, Сојузот испрати петиција до Народниот правобранител на средината на септември во врска со тековниот недостиг на гликометри и ленти за мерење шеќер во крвта неопходни за контролирање на дијабетесот.[190] КСЗД, исто така, ја објави својата истрага за потенцијална дискриминација на пациентите со дијабетес од страна на државата.[191]

Кон крајот на август, КСЗД и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ) потпишаа Меморандум за соработка за да ја подобрат нивната соработка, особено во областа на спречување дискриминација. Ова партнерство ќе се занимава со конкретни случаи на дискриминација, нетрпеливост или омраза во медиумските програми. Со цел поголема ефикасност, ААВМУ ќе одговара на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и платформи за споделување видео. Истовремено, КСЗД ќе се занимава со претставници на медиуми во случаи на поттикнување или пропагирање дискриминација.[192]

---

184 „Поголем дел од учебниците за трето и за шесто одделение учениците ќе ги добијат на 1 септември, уверува Шаќири“, ***360 степени***, 22 август 2023, https://360Stepeni.mk/pogolem-del-od-uchebnitsite-za-treto-i-za-shesto-oddelenie-uchenitsite-ke-gi-dobijat-na-1-septemvri-uveruva-shakiri/.

185 „Состојбата со обезбедување на учебници во основното образование за учебната 2023/24“, ***официјална*** интернет-***страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација***, 4 септември 2023, https://kszd.mk/22133/.

186 „МОН не ја исполни законската обврска за достава на учебниците, можна е судска постапка, најавија од Комисијата за заштита од дискриминација“, ***360 степени***, 4 септември 2023, https://360Stepeni.mk/mon-ne-ja-ispolni-zakonskata-obvrska-za-dostava-na-uchebnitsite-mozhna-e-sudska-postapka-najavija-od-komisijata-za-zashtita-od-diskriminatsija/.

187 „Лицата со дијабет ќе го тужат Министерството за здравство оти повеќе од половина година се оставени без терапија, игли и апарати“, ***360 степени***, 11 август 2023, https://360Stepeni.mk/litsata-so-dijabet-ke-go-tuzhat-ministerstvoto-za-zdravstvo-oti-poveke-od-polovina-godina-se-ostaveni-bez-terapija-igli-i-aparati/.

188 „Дијабетичарите добија терапија, 700 деца веќе нема да се боцкаат, туку ќе бидат со сензори“, ***360 степени***, 18 август 2023, https://360Stepeni.mk/dijabeticharite-dobija-terapija-700-detsa-veke-nema-da-se-botskaat-tuku-ke-bidat-so-senzori/.

189 „Меџити: Следната недела во аптеките ќе бидат достапни ленти за мерење на шеќер во крвта“, ***360 степени***, 20 август 2023, https://360Stepeni.mk/medhiti-slednata-nedela-vo-aptekite-ke-bidat-dostapni-lenti-za-merene-na-sheker-vo-krvta/.

190 „Дијабетичарите го повикаа правобранителот да ги спасува од штетите што им ги предизвика Министерството за здравство“, ***Слободен печат***, 15 септември 2023, https://www.slobodenpecat.mk/dijabeticharite-go-povikaa-pravobranitelot-da-gi-spasuva-od-shtetite-shto-im-gi-predizvika-ministerstvoto-za-zdravstvo/.

191 „Комисијата за заштита од дискриминација ќе утврдува дали лицата со дијабет биле дискриминирани“, ***24 Вести***, 28 септември 2023, https://24.mk/details/komisijata-za-zashtita-od-diskriminacija-kje-utvrduva-dali-licata-so-dijabet-bile-diskriminirani.

192 „КСЗД и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потпишаа меморандум за соработка“, ***официјална*** интернет-***страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација***, 24 август 2023, https://bit.ly/3PTZljQ.

## Род

Во декември 2022 година, владата иницираше намалување на данокот на додадена вредност (ДДВ) на продуктите за менструална хигиена, што резултираше со законски измени на средината на септември.[193] Со овие измени на Законот за ДДВ се намали даночната стапка на овие производи од 18% на 5%, што резултираше и со намалување на нивната цена.[194]

КСЗД излезе со соопштение во врска со случај на интерсекциска дискриминација по основа на пол, род и бременост. Беше утврдено дека акционерско друштво дискриминирало бремена работничка со тоа што не ѝ го продолжило договорот за вработување поради бременост. Компанијата беше советувана да престане со практиките што резултираат со нееднаков третман и дискриминација врз основа на пол, род и бременост во однос на работничките права. Исто така, препорача да се почитува и да се применува законски загарантирана заштита од дискриминација поврзана со бременост, породување и мајчинство.[195]

Кон крајот на септември имаше нов случај на фемицид, пред кој претходеле обиди за изнуда и закани со објавување на компромитирачки видеа, кои сторителот се заканувал дека ќе ги објави. Жртвата во повеќе наврати ги пријавила овие закани во полиција и во Основното јавно обвинителство Кочани. Сепак, не биле преземени мерки за да се спречи напаѓачот да ѝ се приближи до жртвата.[196] На овој инцидент реагираше Платформата за родова еднаквост, која нагласи дека жртвата не добила доволна заштита, а институциите не покажале соодветно внимание. Беше повторена важноста од класифицирање на таквите кривични дела како убиства поврзани со родово засновано насилство, а беше нагласена и потребата институциите проактивно да се вклучат во спречувањето на родово засновано насилство за да се избегнат ваквите трагични исходи.[197]

## ЛГБТИ+

Постапувајќи по обвинителниот акт од Основното јавно обвинителство Скопје, пред Основниот кривичен суд Скопје е поднесен предмет за кривично дело од омраза од протестот одржан во Скопје во 2022 година. Судот го прогласи обвинетиот за виновен за извршување на кривично дело од омраза што вклучуваше тешка форма на насилство поттикнато од омраза заради сексуалната ориентација на жртвата. Образложението на судот го истакна значењето на концептот за кривичното дело од омраза, што резултираше со двегодишна затворска казна за обвинетиот. Оваа пресуда се очекува да придонесе за одвраќање од ваквите кривични дела во иднина.[198]

---

193 „Ќе се намали ДДВ-то на менструалните производи– Собранието ги изгласа измените на Законот за данок на додадена вредност", ***Радио МОФ***, 19 септември 2023, https://www.radiomof.mk/kje-se-namali-ddv-to-na-menstrualnite-proizvodi-sobranie-to-gi-izglasa-izmenite-na-zakonot-za-danok-na-dodadena-vrednost/.

194 „Закон за изменување и дополнување на Законот за данок на додадена вредност", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 199/2023.

195 „Мислење бр. 08-185/19" (Комисија за спречување и заштита од дискриминација, 21 јули 2023), https://bit.ly/3QdLAwF.

196 „Убиство во Кочани – маж 40 пати избодел 46-годишна жена", ***Телевизија Телма***, 25 септември 2023, https://telma.com.mk/2023/09/25/ubistvo-vo-kochani-mazh-40-pati-izbodel-46-godishna-zhena/.

197 „Уште еден фемицид поради непостапување на институциите – реакција на Платформа за родова еднаквост", ***официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија***, 26 септември 2023, https://bit.ly/3FiZzL6.

198 „Две години затвор за лицето што го нападна активистот Беким Асани на плоштадот 'Скендербег' во Скопје", ***ЛГБТИ Јунајтед***, 5 септември 2023, https://lgbtiunited.mk/2023/09/05/dve-godini-zatvor-za-liceto-shto-go-napadna-aktivist-tot-bekim-asani-na-ploshtadot-skenderbeg-vo-skopje/.

Според Светската банка, политиките насочени кон зајакнување на социјалното вклучување на ЛГБТИ-лицата би можеле да креираат поправедно и поправично општество, а истовремено тоа да е од корист и за економијата на Република Северна Македонија. И покрај значајните реформи за заштита на правата на ЛГБТИ-лицата, мораат да се спроведат суштински реформи поврзани со процесот на пристапување во Европската унија. Овие реформи имаат потенцијал да го зголемат годишниот бруто домашен производ (БДП) во просек за 0,6 отсто преку елиминирање на бариерите за влез на пазарот на трудот за ЛГБТИ-лицата кои се соочуваат со дискриминација.[199]

## Роми

Невладината организација „Ромаверзитас" почна кампања со која се осврнува на загриженоста дека има злоупотреба на квотите за упис на државните универзитети и потребата од приспособување на политиката за упис. Оваа акција беше поттикната од одбивањето на пет ученици Роми кои бараа да бидат примени на Медицинскиот факултет во државна и приватна квота. Постојната политика за упис, која доделува само 10% од местата за студенти припадници на малцинските групи, се смета за недоволна. Во овој контекст, од 760 студенти, максимум 76 можат да бидат од малцинските групи, при што студентите Роми сочинуваат само 2,53 отсто од оваа квота. Дополнително, постои загриженост за потенцијални злоупотреби на овие квоти, каде што поединци можат да тврдат лажно дека имаат ромско потекло за да бидат примени.[200]

199 „Светска банка: Економското вклучување на ЛГБТИ луѓето би го зголемило БДП на С. Македонија", ***lokalno.mk***, 26 септември 2023, https://lokalno.mk/svetska-banka-ekonomskoto-vkluchuvanje-na-lgbti-lugjeto-bi-go-zgolemilo-bdp-na-s-makedonija/.

200 „'Ромаверзитас': Пет ромски студенти кои аплицираа на Медицинскиот факултет се одбиени од државна и приватна квота", ***Слободен печат***, 11 септември 2023, https://www.slobodenpecat.mk/romaverzitas-pet-romski-studenti-koi-apliciraa-na-medicinskiot-fakultet-se-odbieni-od-drzhavna-i-privatna-kvota/.

